# التحقيق والإيضاح لكثير من مسائل الحج والعمرة والزيارة على ضوء الكتاب والسنة)للحرمين(

# Прецизно истражување и појаснување на многубројни прашања поврзани со аџилакот, умрата и посетата на светите места, во светлина на Куранот и Сунетот

## Прецизно истражување и појаснување на многубројни прашања поврзани со аџилакот, умрата и посетата на светите места, во светлина на Куранот и Сунетот

Абдулазиз бин Абдулах бин Баз

## Прецизно истражување и појаснување на многубројни прашања поврзани со аџилакот, умрата и посетата на светите места, во светлото на Куранот и Сунетот

Автор: Почитуваниот шејх
Абдулазиз бин Абдулах бин Баз

## Предговор на авторот:

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот

Благодарноста му припаѓа на Аллах, Господарот на световите, а крајниот исход им припаѓа на богобојазливите. Аллаховиот мир и спас нека бидат над Неговиот роб и пратеник, Мухамед, над неговото семејство и сите негови асхаби.

Во продолжение велам:

Ова е кратко послание за аџилакот, неговата вредност и етиката поврзана со него, како и за тоа што му доликува на оној што има намера да патува за негово извршување. Во него се обработуваат и многу значајни прашања за

аџилакот, умрата и посетата на светите места, претставени на краток и јасен начин. Во ова послание настојував строго да се придржувам до она на што упатуваат Божјата книга и Сунетот на Аллаховиот Пратеник ﷺ. Го составив како совет за муслиманите, постапувајќи согласно со зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿وَذَكِّرْ فَإِنَّ الذِّكْرَى تَنْفَعُ الْمُؤْمِنِينَ 55﴾

„Опоменувај! Опомената на верниците навистина ќе им користи." (Ез Заријат, 55) И зборовите на Возвишениот:

﴿وَإِذْ أَخَذَ اللَّهُ مِيثَاقَ الَّذِينَ أُوتُوا الْكِتَابَ لَتُبَيِّنُنَّهُ لِلنَّاسِ وَلَا تَكْتُمُونَهُ...﴾

„А кога Аллах ја зеде обврската од тие на кои им е дадена Книгата дека сигурно на луѓето ќе им ја објаснуваат и дека од неа нема ништо да кријат." (Али Имран, 187) Тој на друго место вели:

﴿...وَتَعَاوَنُوا عَلَى الْبِرِّ وَالتَّقْوَى...﴾

„Едни на други помагајте си во добродетелството и во богобојазливоста." (Ел Маиде, 2)

И поради она што е пренесено во веродостоен хадис од Аллаховиот пратеник ﷺ дека рекол:

«الدِّينُ النَّصِيحَةُ، ثَلَاثًا، قِيلَ: لِمَنْ يَا رَسُولَ اللَّهِ؟ قَالَ: لِلَّهِ وَلِكِتَابِهِ وَلِرَسُولِهِ وَلِأَئِمَّةِ الْمُسْلِمِينَ وَعَامَّتِهِمْ».

„Верата е совет" - тоа го повторил трипати. Прашавме: „За кого, о Аллахов пратенику?", а тој

одговори: „За Аллах, за Неговата Книга, за Неговиот пратеник, за водачите на муслиманите како и за сите останати муслимани.“[1].

Таберани бележи хадис од Хузејфе, дека Пратеникот ﷺ рекол:

«مَنْ لَمْ يَهْتَمَّ بِأَمْرِ الْمُسْلِمِينَ فَلَيْسَ مِنْهُمْ، وَمَنْ لَمْ يُصْبِحْ وَيُمْسِ نَاصِحًا لِلَّهِ وَلِرَسُولِهِ وَلِكِتَابِهِ وَلِإِمَامِهِ وَلِعَامَّةِ الْمُسْلِمِينَ فَلَيْسَ مِنْهُمْ».

„Кој не се грижи за работотите на муслиманите, тој не е од нив, и кој не осамнува и не замркнува како искрен советник кон Аллах, Неговиот пратеник, Неговата Книга, неговиот предводник и сите муслимани, тој не е од нив.“[2]

Го молам Аллах да го направи ова дело корисно за мене и за муслиманите, вложениот труд да го направи искрен – барајќи го Неговото благородно Лице – и да го стори причина за успех кај Него во Џенетските градини на вечното уживање. Тој, навистина, сѐ слуша и се одѕива. Тој ни е доволен и прекрасен заштитник.

[1] Го бележи Муслим, бр. 55.
[2] Го бележи Таберани во „Ел-Евсат“, бр. 7469.

## Поглавје

## Доказите за задолжителноста на аџилакот и умрата и дека треба да се побрза со нивното извршување

Знајте – Аллах да ми подари мене и вам успех во спознавањето на вистината и нејзиното следење – дека Семоќниот Аллах им го задолжил на Своите робови аџилакот посетата на Неговиот Свет Храм и го утврдил како еден од столбовите на исламот. Возвишениот Аллах вели:

﴿...وَلِلَّهِ عَلَى النَّاسِ حِجُّ الْبَيْتِ مَنِ اسْتَطَاعَ إِلَيْهِ سَبِيلًا وَمَنْ كَفَرَ فَإِنَّ اللَّهَ غَنِيٌّ عَنِ الْعَالَمِينَ﴾

„Аџилакот должен е да го изврши, поради Аллах, секој што е во можност да дојде до него. А тој што не верува – па, Аллах е навистина независен од световите.“ (Али Имран, 97)

Во двата Сахиха, од Ибн Омер, радијаллаху анхума, се пренесува дека Аллаховиот пратеник ﷺ рекол:

«بُنِيَ الإِسْلَامُ عَلَى خَمْسٍ: شَهَادَةِ أَنْ لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ، وَأَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ اللَّهِ، وَإِقَامِ الصَّلَاةِ، وَإِيتَاءِ الزَّكَاةِ، وَصَوْمِ رَمَضَانَ، وَحَجِّ بَيْتِ اللَّهِ الحَرَامِ».

„Исламот се темели врз пет (столба): Сведоштвото дека нема друго божество достојно за обожување освен Аллах и дека Мухамед е Божјиот пратеник, клањањето намаз,

давањето зекат, постот во месецот рамазан и аџилакот.“[1]

Сеид во неговиот Сунен, од Омер бин ел-Хатаб, радијаллаху анху, пренесува дека рекол: „Имав намера да испратам луѓе во овие градови, да го проверат секој оној кој има можност[2], а не го извршил хаџот, и да им наметнат џизија; тие не се муслимани, тие не се муслимани.“[3]

Исто така, од Али, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Кој има можност да го изврши аџилакот, а не го изврши, за таквиот е сеедно дали ќе умре како евреин или христијанин.“[4]

Оној што не го извршил аџилакот, а има можност да го изврши, должен е да побрза со неговото извршување; бидејќи се пренесува од Ибн Абас, радијаллаху анху, дека Пратеникот ﷺ рекол:

«تَعَجَّلُوا إِلَى الحَجِّ - يَعْنِي الفَرِيضَةَ - فَإِنَّ أَحَدَكُمْ لَا يَدْرِي مَا يَعْرِضُ لَهُ».

„Побрзајте со аџилакот - мислејќи на првиот задолжителниот аџилак- бидејќи никој од вас не знае што може да му се случи.“[5]

---

1 Го бележат Бухари, бр. 8, и Муслим, бр. 16.
2 т.е: поседува изобилство на имот.
3 Џамиул-Ехадис со бр. 31221 му го припишува на Суненот на Сеид бин Менсур, но јас не го најдов во достапната верзија.
4 Го бележи Тирмизи, бр. 812.
5 Го пренесува Ебу Давуд, бр. 1732.

Причина е и фактот дека извршувањето на аџилакот е обврска што мора да се изврши веднаш од оној кој има можност за тоа, поради јасните зборови на Возвишениот Аллах:

﴿...وَلِلَّهِ عَلَى النَّاسِ حِجُّ الْبَيْتِ مَنِ اسْتَطَاعَ إِلَيْهِ سَبِيلًا وَمَن كَفَرَ فَإِنَّ اللَّهَ غَنِيٌّ عَنِ الْعَالَمِينَ﴾

„Аџилакот должен е да го заврши, поради Аллах, секој што е во можност да дојде до него. А тој што не верува – па, Аллах е навистина независен од световите.“ (Али Имран, 97) Аллаховиот пратеник ﷺ во една од неговите хутби рекол:

«أَيُّهَا النَّاسُ، إِنَّ اللَّهَ فَرَضَ عَلَيْكُمُ الحَجَّ فَحُجُّوا».

„О, луѓе, навистина Аллах ви го наредил аџилакот, па извршете го.“[1]

Исто така се пренесуваат и многубројни хадиси што укажуваат на задолжителноста на умрата, меѓу кои се:

Зборовите на Пратеникот ﷺ, кога одговарајќи на прашањата на Џибрил за исламот, рекол:

«الإِسْلَامُ أَنْ تَشْهَدَ أَنْ لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ وَأَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ اللَّهِ، وَتُقِيمَ الصَّلَاةَ، وَتُؤْتِيَ الزَّكَاةَ، وَتَحُجَّ البَيْتَ وَتَعْتَمِرَ، وَتَغْتَسِلَ مِنَ الجَنَابَةِ، وَتُتِمَّ الوُضُوءَ، وَتَصُومَ رَمَضَانَ»

„Исламот е да сведочиш дека нема друго божество достојно за обожување освен Аллах и

[1] Го бележи Муслим, бр. 1337.

дека Мухамед е Божјиот пратеник, да клањаш намаз, да даваш зекат, да извршиш аџилак и умра, да се избањаш од џенабет (по интимен однос), целосно да земаш абдест и да го постиш месецот рамазан.“[1] Го бележат Ибн Хузејме и Дарекутни, а го пренесува Омер бин ел-Хатаб, радијаллаху анху, а Дарекутни рекол: „Синџирот на пренесувачи е потврден и сахих“.

Исто така и хадисот на Аиша, радијаллаху анха, во кој се вели:

«يَا رَسُولَ اللَّهِ، هَلْ عَلَى النِّسَاءِ مِنْ جِهَادٍ؟ قَالَ: عَلَيْهِنَّ جِهَادٌ لَا قِتَالَ فِيهِ: الحَجُّ وَالعُمْرَةُ»

„О, Аллахов пратенику, дали на жените им е пропишан џихадот?“ Одговорил: ‚На жените им е пропишан џихад во кој нема борба, а тоа се: аџилакот и умрата.‘“[2] Хадисот го бележат Ахмед и Ибн Маџе со веродостоен синџир на пренесувачи.

Аџилакот и умрата се задолжителни само еднаш во животот, а доказ се зборовите на Пратеникот ﷺ во веродостојниот хадис:

«الحَجُّ مَرَّةٌ، فَمَنْ زَادَ فَهُوَ تَطَوُّعٌ».

„Аџилакот е должност да се изврши еднаш, а кој ќе изврши повеќе пати – тоа е доброволно.“[3]

---

[1] Го бележи Ибн Хузејме, бр. 1.
[2] Го бележи Бухари, бр. 1520.
[3] Го бележи Несаи, бр. 2620.

Се препорачува честото доброволно извршување на аџилакот и умрата; поради она што е потврдено во двата Сахиха, од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, дека Аллаховиот пратеник ﷺ рекол:

«العُمْرَةُ إِلَى العُمْرَةِ كَفَّارَةٌ لِمَا بَيْنَهُمَا، وَالحَجُّ المَبْرُورُ لَيْسَ لَهُ جَزَاءٌ إِلَّا الجَنَّةُ».

„Умра до следната умра е искупување за гревовите направени меѓу нив, а за примениот аџилак нема друга награда освен Џенетот.“[1]

## Поглавје:

## За задолжителноста на тевбето (покајанието) од гревовите и исправање на неправдите

Кога муслиманот ќе се одлучи да отпатува на аџилак или умра, препорачливо е да им остави завет на своето семејство и пријателите – да се плашат од Аллах, исполнувајќи ги Неговите наредби и избегнувајќи ги Неговите забрани.

Треба да го запише она што му го должат и она што го должи, земајќи сведоци за тоа. Исто така, должен е да побрза со искрено покајание од сите гревови; поради зборовите на Возвишениот:

﴿...وَتُوبُوا إِلَى اللَّهِ جَمِيعًا أَيُّهَ الْمُؤْمِنُونَ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ﴾

[1] Го бележат Бухари, бр. 1773, и Муслим, бр. 1349.

„И покајте се сите заедно пред Аллах, о, верници, за да бидете успешни.“ (Ен Нур, 31)

Суштината на покајанието е: напуштање на гревовите, каење за стореното и цврста одлука да не им се врати повторно. А доколку човек има неправди кон луѓето – во однос на нивното право, имот или чест – треба да им ги врати или да побара прошка од нив пред да тргне на патување; бидејќи веродостојно е пренесено дека Пратеникот ﷺ рекол:

«مَنْ كَانَتْ عِنْدَهُ مَظْلَمَةٌ لِأَخِيهِ مِنْ مَالٍ أَوْ عِرْضٍ فَلْيَتَحَلَّلِ الْيَوْمَ قَبْلَ أَنْ لَا يَكُونَ دِينَارٌ وَلَا دِرْهَمٌ، إِنْ كَانَ لَهُ عَمَلٌ صَالِحٌ أُخِذَ مِنْهُ بِقَدْرِ مَظْلَمَتِهِ، وَإِنْ لَمْ تَكُنْ لَهُ حَسَنَاتٌ أُخِذَ مِنْ سَيِّئَاتِ صَاحِبِهِ فَحُمِلَ عَلَيْهِ».

„Кој ќе му нанесе неправда на својот брат – било да е поврзана со неговиот имот или чест – нека побара халал уште денес, пред да дојде Денот кога нема да користи ни динар ни дирхем. Ако има добри дела, ќе му се земе од нив според големината на неправдата што ја направил, а ако нема добри дела, ќе се земе од лошите дела на неговиот брат и ќе му се натоварат нему.“[1]

Треба за својот аџилак и умра да издвои чисти средства од халал заработка; поради веродостојно пренесениот хадис, во кој Веровесникот ﷺ рекол:

«إِنَّ اللَّهَ تَعَالَى طَيِّبٌ لَا يَقْبَلُ إِلَّا طَيِّبًا».

---

[1] Го бележи Бухари, бр. 2449.

„Навистина Возвишениот Аллах е Убав и не прифаќа освен она што е убаво.“[1]

Таберани, пренесува од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, дека Аллаховиот пратеник ﷺ рекол:

«إِذَا خَرَجَ الرَّجُلُ حَاجًّا بِنَفَقَةٍ طَيِّبَةٍ وَوَضَعَ رِجْلَهُ فِي الغَرْزِ فَنَادَى: لَبَّيْكَ اللَّهُمَّ لَبَّيْكَ، نَادَاهُ مُنَادٍ مِنَ السَّمَاءِ: لَبَّيْكَ وَسَعْدَيْكَ، زَادُكَ حَلَالٌ، وَرَاحِلَتُكَ حَلَالٌ، وَحَجُّكَ مَبْرُورٌ غَيْرُ مَأْزُورٍ، وَإِذَا خَرَجَ الرَّجُلُ بِالنَّفَقَةِ الخَبِيثَةِ فَوَضَعَ رِجْلَهُ فِي الغَرْزِ فَنَادَى: لَبَّيْكَ اللَّهُمَّ لَبَّيْكَ، نَادَاهُ مُنَادٍ مِنَ السَّمَاءِ: لَا لَبَّيْكَ وَلَا سَعْدَيْكَ، زَادُكَ حَرَامٌ، وَنَفَقَتُكَ حَرَامٌ، وَحَجُّكَ غَيْرُ مَبْرُورٍ».

„Кога човек ќе тргне на аџилак со халал средства, ќе ја стави ногата на стременот и ќе повика: ‚Ти се одѕивам, о Аллаху, Ти се одѕивам‘, гласник од небото ќе му довикне: ‚Ти се одѕиваме и сета среќа е за Тебе; твојата подготовка за патот е халал, твојата јаваница е халал, а твојот аџилак е примен и безгрешен.‘ А кога човек ќе тргне со харам средства, ќе ја стави ногата на стременот и ќе повика: ‚Ти се одѕивам, о Аллаху, Ти се одѕивам‘, гласник од небото ќе му довикне: ‚Ниту ти се одѕиваме, ниту среќа има за тебе; твојата подготовка за патот е заработен со харам, твоите средства се харам, а твојот аџилак не е примен.‘“[2]

---

[1] Го бележи Муслим, бр. 1015.

[2] Го бележи Таберани во ел-Кебир, бр. 2989.

Аџијата треба да биде независен од луѓето и да се воздржува од барање од нив, затоа што Пратеникот ﷺ рекол:

«وَمَنْ يَسْتَعْفِفْ يُعِفَّهُ اللَّهُ، وَمَنْ يَسْتَغْنِ يُغْنِهِ اللَّهُ».

„А кој се воздржува од барање, Аллах ќе му даде; а кој се труди да биде независен, Аллах ќе го направи независен.“[1]

Аллаховиот пратеник ﷺ исто така рекол:

«لَا يَزَالُ الرَّجُلُ يَسْأَلُ النَّاسَ حَتَّى يَأْتِيَ يَوْمَ القِيَامَةِ وَلَيْسَ فِي وَجْهِهِ مُزْعَةُ لَحْمٍ».

„Човекот постојано ќе проси сè додека на Судниот ден не дојде без ниту едно парче месо на лицето.“[2]

Должност на аџијата е со својот аџилак и умра да го бара Аллаховото задоволство и наградата на идниот свет, и да се приближува кон Аллах преку зборови и дела со кои Тој е задоволен, на тие свети места.

Тој треба строго да се пази неговиот аџилак да не биде насочен кон постигнување на овој свет и неговите минливи добра, ниту пак кон претварање, стекнување углед или пофалби. Навистина, тоа е една од најлошите намери и причина делото да се поништи и да не биде

[1] Го бележат Бухари, бр. 1427, и Муслим, бр. 1035.
[2] Го бележат Бухари, бр. 1474, и Муслим, бр. 4040.

прифатено — како што Возвишениот Аллах вели:

﴿مَن كَانَ يُرِيدُ الْحَيَاةَ الدُّنْيَا وَزِينَتَهَا نُوَفِّ إِلَيْهِمْ أَعْمَالَهُمْ فِيهَا وَهُمْ فِيهَا لَا يُبْخَسُونَ 15 أُولَئِكَ الَّذِينَ لَيْسَ لَهُمْ فِي الاخِرَةِ إِلَّا النَّارُ وَحَبِطَ مَا صَنَعُوا فِيهَا وَبَاطِلٌ مَّا كَانُوا يَعْمَلُونَ 16﴾

„На тие што го сакаат животот на овој свет и убавините негови, Ние ќе им ги дадеме плодовите на нивниот труд и на него нема ништо да им се ускрати.

Нив на оној свет само оган ќе ги гори; таму нема да имаат никаква награда за тоа што на Земјата го правеле и залудно ќе им биде сè што направиле.“ (Худ, 15-16)

Возвишениот исто така вели:

﴿مَّن كَانَ يُرِيدُ الْعَاجِلَةَ عَجَّلْنَا لَهُ فِيهَا مَا نَشَاءُ لِمَنْ نُرِيدُ ثُمَّ جَعَلْنَا لَهُ جَهَنَّمَ يَصْلَاهَا مَذْمُومًا مَدْحُورًا 18 وَمَنْ أَرَادَ الْاخِرَةَ وَسَعَى لَهَا سَعْيَهَا وَهُوَ مُؤْمِنٌ فَأُولَئِكَ كَانَ سَعْيُهُمْ مَشْكُورًا 19﴾

„На тој што го сака овој свет, Ние бргу му даваме што сакаме и на кого сакаме, но потоа Џехенемот ќе му го подготвиме, каде засрамен и отфрлен ќе се пече.

И кој ја сака Ахиретот и се труди за неа како што треба, а е верник, нивниот труд ќе биде признат.“ (Ел Исра, 18-19)

Исто така, од Пратеникот ﷺ веродостојно е пренесено дека рекол:

«قَالَ اللَّهُ تَعَالَى: أَنَا أَغْنَى الشُّرَكَاءِ عَنِ الشِّرْكِ، مَنْ عَمِلَ عَمَلًا أَشْرَكَ مَعِي فِيهِ غَيْرِي تَرَكْتُهُ وَشِرْكَهُ».

„Возвишениот Аллах вели: ‚Јас сум Тој што најмалку има потреба некој да му се здружува. Кој ќе направи дело во кое ќе Ми здружи некого, го оставам него и неговиот ширк.‘“[1]

Исто така, му се препорачува на своето патување да се дружи со добри луѓе – оние кои Му се покоруваат на Аллах, кои се богобојазливи и имаат знаење за верата – и да се чува од дружење со неразумните и расипаните.

Потребно е да го научи она што му е пропишано во врска со неговиот аџилак и умра, да стекне разбирање за тие прописи и да праша за сѐ што му е нејасно, за да постапува со знаење и јасна упатеност. А кога ќе се качи на својата јаваница, во автомобил, авион или друго превозно средство, препорачливо е да го спомне името на Семоќниот Аллах, да Му се заблагодари, потоа да изговори три текбири, и да каже:

﴿...سُبْحَانَ الَّذِي سَخَّرَ لَنَا هَذَا وَمَا كُنَّا لَهُ مُقْرِنِينَ 13 وَإِنَّا إِلَى رَبِّنَا لَمُنْقَلِبُونَ 14﴾

„Славен и Возвишен нека е Тој што ова ни го потчини, ние не би можеле тоа сами да го постигнеме,

и ние кај Господарот свој сигурно ќе се вратиме!“ (Ез Зухруф, 13-14)

---

[1] Го бележи Муслим, бр. 2985.

«اللَّهُمَّ إِنِّي أَسْأَلُكَ فِي سَفَرِي هَذَا البِرَّ وَالتَّقْوَى، وَمِنَ العَمَلِ مَا تَرْضَى، اللَّهُمَّ هَوِّنْ عَلَيْنَا سَفَرَنَا هَذَا، وَاطْوِ عَنَّا بُعْدَهُ، اللَّهُمَّ أَنْتَ الصَّاحِبُ فِي السَّفَرِ، وَالخَلِيفَةُ فِي الأَهْلِ، اللَّهُمَّ إِنِّي أَعُوذُ بِكَ مِنْ وَعْثَاءِ السَّفَرِ، وَكَآبَةِ المَنْظَرِ، وَسُوءِ المُنْقَلَبِ فِي المَالِ وَالأَهْلِ»؛

„Аллаху мој, на ова мое патување Те молам за добрина и богобојазливост, и од делата – дај ми го она со кое Ти си задоволен. Аллаху, олесни ни го ова наше патување и скрати ни го неговото растојание. Аллаху, Ти си придружникот на патот и заштитникот на семејството. Аллаху мој, барам заштита кај Тебе од тешкотиите на патувањето, од непријатните призори и од лошиот исход во однос на имотот и семејството.“[1]

Ова е веродостојно пренесено од Веровесникот ﷺ а го бележи Муслим од Ибн Омер, радијаллаху анхума.

За време на патувањето, треба да го зголеми спомнувањето на Аллах, барањето прошка, упатувањето дова на Севишниот Аллах и понизното обраќање кон Него, како и рецитирањето на Куранот и размислувањето за неговите значења. Треба да ги извршува намазите во џемат и да го чува својот јазик од празни муабети, од мешање во она што не го засега и од претерување во шегувањето. Исто така, должен е да го чува својот јазик од лажење,

[1] Го бележи Муслим, бр. 1342.

гибет, пренесување на зборови и од исмејување на своите сопатници и другите браќа муслимани.

Исто така, треба да им прави добро на своите сопатници, да се воздржува од нанесување штета врз нив, и да им наредува добро и да ги одвраќа од лошо – со мудрост и убав совет, според своите можности.

## Поглавје:

## Што прави аџијата кога ќе пристигне на микатот

Кога ќе пристигне на микатот, препорачливо е да се избања и да се намириса, бидејќи се пренесува дека Пратеникот ﷺ ја соблекол кроената облека при влегувањето во ихрам и се избањал. Исто така, во двата Сахиха е забележано дека Аиша, радијаллаху анха, рекла: «كُنْتُ أُطَيِّبُ رَسُولَ اللَّهِ ﷺ لِإِحْرَامِهِ قَبْلَ أَنْ يُحْرِمَ، وَلِحِلِّهِ قَبْلَ أَنْ يَطُوفَ بِالبَيْتِ». „Му ставав мирис на Аллаховиот пратеник, ﷺ, за неговиот ихрам, пред да влезе во состојба на ихрам, и за неговото излегување од ихрам...“[1] Исто така, кога Аиша добила менструација, а веќе била во состојба на ихрам за умра, Пратеникот ﷺ ѝ наредил да се избања и да влезе во ихрам за хаџ. На Есма бинт Умејс, кога се породила кај ми катот Зул Хулејфа, Пратеникот

[1] Го бележат Бухари, бр. 1539, и Муслим, бр. 1189.

ﷺ ѝ наредил да се избања, да стави ткаенина како влошка и да влезе во состојба на ихрам.[1] Ова укажува дека жената која ќе пристигне на микатот со менструација или нифас (крварење по породувањето), треба да се избања и да влезе во ихрам со останатите, и да ги извршува сите обреди како другите аџии — освен тавафот околу Ќаба, кој го одложува додека не се исчисти, како што Пратеникот ﷺ ѝ наредил на Аиша и на Есма.

Препорачливо е оној што има намера да влезе во состојба на ихрам да се погрижи за своите мустаќи, нокти, интимни влакна и влакната под пазувите, па да го отстрани она што е потребно, за да не му се појави потреба да го прави тоа по влегувањето во ихрам, кога тоа му е забрането. Исто така, Веровесникот ﷺ им пропишал на муслиманите редовно да се грижат за овие работи во секое време. Во двата Сахиха е забележано од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, дека Пратеникот ﷺ рекол:

«الفِطْرَةُ خَمْسٌ: الخِتَانُ، وَالِاسْتِحْدَادُ، وَقَصُّ الشَّارِبِ، وَقَلْمُ الأَظْفَارِ، وَنَتْفُ الإِبْطِ».

„Пет работи се од фитрата (природна чистота): обрежувањето, бричењето на срамните места,

[1] Го бележи Муслим, бр. 1218.

кратењето на мустаќите, сечењето на ноктите и отстранувањето на влакната под пазувите.“[1]

Исто така, Муслим во неговиот Сахих од Енес, радијаллаху анху, бележи, дека рекол:

«وَقَّتَ لَنَا فِي قَصِّ الشَّارِبِ، وَقَلْمِ الأَظْفَارِ، وَنَتْفِ الإِبْطِ، وَحَلْقِ العَانَةِ: أَنْ لَا نَتْرُكَ ذَلِكَ أَكْثَرَ مِنْ أَرْبَعِينَ لَيْلَةً».

„Ни беше поставена временска граница за скратување на мустаќите, сечење на ноктите, отстранување на влакната под пазувите и бричење на интимните влакна: да не го оставаме тоа подолго од четириесет ноќи.“[2]

Во текстот на хадисот што го бележи Несаи стои:

«وَقَّتَ لَنَا رَسُولُ اللَّهِ ﷺ»،

„Аллаховиот пратеник ﷺ ни одреди...“[3] Хадисот го бележат Ахмед, Ебу Давуд и Тирмизи со истиот текст како кај Несаи. А што се однесува до главата, не е пропишано да се зема или скратува нешто од косата при влегување во состојба на ихрам — ниту за мажите, ниту за жените.

А што се однесува пак до брадата, забрането е нејзиното бричење или кратење дел од неа во секое време; напротив, должност е таа да се пушти и да се остави да расте во полн облик,

1 Го бележат Бухари, бр. 5891, и Муслим, бр. 257.
2 Го бележи Муслим, бр. 258.
3 Го бележи Несаи, бр. 14.

поради она што е потврдено во двата Сахиха, од Ибн Омер, радијаллаху анхума, дека Аллаховиот пратеник ﷺ рекол:

«خَالِفُوا المُشْرِكِينَ، وَفِّرُوا اللِّحَى، وَأَحْفُوا الشَّوَارِبَ».

„Разликувајте се од многубошците: пуштајте бради, а кратете ги мустаќите.“[1] Муслим во неговиот Сахих, од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник ﷺ рекол:

«جُزُّوا الشَّوَارِبَ، وَأَرْخُوا اللِّحَى، خَالِفُوا المَجُوسَ».

„Кратете ги мустаќите и пуштајте ги брадите; разликувајте се од меџусиите.“[2]

Голема е несреќата во денешно време таа што многу луѓе се спротивставуваат на овој сунет, се борат против него и се задоволуваат со тоа да наликуваат на неверниците и жените — особено оние што се претставуваат како учени и начитани. Ние сме Аллахови и Нему ќе Му се вратиме! Го молиме Аллах да нѐ упати нас и сите муслимани кон следење на сунетот, кон истрајност во него и повикување кон него, па дури и тогаш кога мнозинството се одвраќа од него. Доволен ни е Аллах и прекрасен е Тој Заштитник! Нема сила ниту моќ освен со Аллах, Севишниот, Величествениот.

---

[1] Го бележат Бухари, бр. 2892, и Муслим, бр. 259.
[2] Го бележи Муслим, бр. 260.

Потоа мажот облекува изар и рида – дводелната облека за ихрам –препорачливо е тие да бидат бели и чисти. Исто така, препорачливо е во состојба на ихрам да носи сандали/влечки, поради зборовите на Веровесникот ﷺ:

«وَلْيُحْرِمْ أَحَدُكُمْ فِي إِزَارٍ وَرِدَاءٍ وَنَعْلَيْنِ، فَإِنْ لَمْ يَجِدْ نَعْلَيْنِ فَلْيَلْبَسْ خُفَّيْنِ وَلْيَقْطَعْهُمَا حَتَّى يَكُونَا أَسْفَلَ مِنَ الكَعْبَيْنِ»

„Секој од вас нека влезе во ихрам облечен во изар, рида и сандали; а ако не најде сандали, нека облече местви и нека ги пресече така што ќе бидат под глуждовите.“[1] Го бележи имамот Ахмед, рахимехуллах.

На жената ѝ е дозволено да влезе во состојба на ихрам во каква било облека – било да е црна, зелена или друга боја – сѐ додека не наликува на машка облека. Но, не ѝ е дозволено да носи никаб и ракавици за време на ихрам, туку лицето и рацете ги покрива со нешто друго; бидејќи Пратеникот ﷺ ѝ забранил на жената во состојба на ихрам да носи никаб и ракавици. Тврдењето на некои луѓе дека жената треба да носи исклучиво зелена или црна облека за ихрам нема никаква основа.

Потоа, откако ќе се избања, ќе се исчисти и ќе ја облече облеката за ихрам, со своето срце ја донесува намерата (ниет) за обредот што сака

[1] Го бележи Муслим, бр. 1177.

да го изврши – хаџ или умра – поради зборовите на Пратеникот ﷺ:

«إِنَّمَا الأَعْمَالُ بِالنِّيَّاتِ، وَإِنَّمَا لِكُلِّ امْرِئٍ مَا نَوَى».

„Навистина делата се вреднуваат според намерите, и навистина секој човек ќе го добие она што го имал како намера.“[1]

Пропишано е и гласно да го изговори она што го намерил. Ако намерил умра, ќе изговори: „Леббејке умретен“ или: „Аллахумме леббејке умретен.“ Ако намерил хаџ, ќе изговори: „Леббејке хаџџен“ или: „Аллахумме леббејке хаџџен“, бидејќи така постапил Пратеникот ﷺ. А ако ги намерил и двата обреда заедно, ќе изговори: „Аллахумме леббејке умретен ве хаџџен.“ Најдобро е тоа да се изговори откако ќе се качи на своето превозно средство – јавачко животно, автомобил или нешто друго – затоа што Пратеникот ﷺ ја изговарал телбијата дури откако ќе се сместел на својата јаваница и таа ќе тргнела со него од микатот. Ова е најисправното мислење меѓу учените.

Изговарањето на ниетот не е пропишано во ниту еден друг ибадет, освен во случајот на влегување во состојба на ихрам, бидејќи единствено за тоа постои веродостојно предание од Пратеникот ﷺ.

---

[1] Го бележат Бухари, бр. 1, и Муслим, бр. 1907.

Кога станува збор за намазот, тавафот и другите ибадети, ниетот не треба да се изговара. Не треба да се каже: „Имам намера да го клањам тој и тој намаз“, ниту: „Имам намера да извршам таваф“. Изговарањето на ниетот спаѓа во новотарии, а неговото изговарање на глас е уште полошо и поголем грев. Доколку изговарањето на ниетот ќе беше пропишано, Пратеникот ﷺ ќе го појаснеше тоа и ќе му го објаснеше на уметот со неговите зборови и дела; а исправните претходници ќе предничеа во тоа.

Бидејќи ништо од ова не е пренесено ниту од Пратеникот ﷺ ниту од неговите асхаби, радијаллаху анхум, јасно е дека тоа претставува новотарија, а Пратеникот ﷺ рекол:

«وَشَرُّ الأُمُورِ مُحْدَثَاتُهَا، وَكُلُّ بِدْعَةٍ ضَلَالَةٌ»

„Најлошите дела се новововедените во верата и секоја новотарија е заблуда.“[1] Хадисот го бележи Муслим во неговиот Сахих. Во друг хадис е кажа рекол:

«مَنْ أَحْدَثَ فِي أَمْرِنَا هَذَا مَا لَيْسَ مِنْهُ فَهُوَ رَدٌّ»

„Кој ќе воведе во нашата вера, нешто ново, што не е од неа, ќе му биде отфрлено.“[2] Бухари и Муслим. Во друго предание на Муслим стои:

[1] Го бележи Муслим, бр. 867.
[2] Го бележат Бухари, бр. 2697, и Муслим, бр. 1718.

«مَنْ عَمِلَ عَمَلًا لَيْسَ عَلَيْهِ أَمْرُنَا فَهُوَ رَدٌّ».

„Кој ќе направи дело што не е во согласност со нашата наредба (вера) - ќе му биде одбиено.“[1]

## Поглавје:
## Просторните микати и нивното одредување

Одредените микати се пет:

1. Зул Хулејфа — микат за жителите на Медина, денес меѓу луѓето е познат под името Ебјар Али.

2. Ел-Џухфа — микат за жителите на Шам. Тоа е старо, напуштено село во близина на Рабиг. Денес луѓето влегуваат во ихрам од Рабиг, а оној што ќе влезе во ихрам од таму се смета дека влегол од микатот, бидејќи Рабиг се наоѓа нешто пред оригиналниот микат.

3. Карн ел-Меназил — микат за жителите на Неџд, денес познат како ес-Сејл.

4. Јелемлем — микат за жителите на Јемен.

5. Зат Ирк — микат за жителите на Ирак.

Овие микати ги одредил Веровесникот ﷺ за оние што ги спомнавме, но и за секој друг што ќе помине низ нив со намера да изврши аџилак или умра.

Секој што ќе помине преку некој од микатите е должен да влезе во состојба на ихрам од таму.

---

[1] Го бележат Бухари, бр. 2550, и Муслим, бр. 1718.

Забрането е да се продолжи понатаму без ихрам доколку човекот има намера да изврши аџилак или умра — без разлика дали патува воздушно или копнено — поради општите зборови на Пратеникот ﷺ при одредувањето на микатите: «هُنَّ لَهُنَّ، وَلِمَنْ أَتَى عَلَيْهِنَّ مِنْ غَيْرِ أَهْلِهِنَّ، مِمَّنْ أَرَادَ الحَجَّ وَالعُمْرَةَ». „Тие се за нивните жители, и за секој што ќе помине низ нив, а не е нивен жител, доколку има намера да изврши аџилак или умра.“[1]

Пропишано е за оној што се упатува кон Мека по воздушен пат со намера да изврши аџилак или умра да се подготви за тоа — како бањање и слично — уште пред да се качи во авионот. Кога ќе се приближи до микатот, ја облекува дводелната облека за ихрам, па ако има доволно време, ја изговара телбијата за умра; а ако времето е кратко, ја изговара телбијата за аџилак. Доколку ја облече облеката за ихрам уште пред да се качи во авионот или пред приближувањето до микатот, нема пречка во тоа; но не треба да донесе ниет за влегување во обредот, ниту да ја изговара телбијата, сè додека не се израмни со микатот или не му се приближи, бидејќи Пратеникот ﷺ не влегувал во ихрам освен на самото место на микатот.Обврска на уметот е да го следи Пратеникот ﷺ во тоа, како и во сите други

[1] Го бележат Бухари, бр. 1524, и Муслим, бр. 1181.

верски прашања, поради зборовите на Севишниот Аллах:

﴿لَقَدْ كَانَ لَكُمْ فِي رَسُولِ اللَّهِ أُسْوَةٌ حَسَنَةٌ...﴾

„Вие во Аллаховиот Пратеник имате прекрасен пример.“ (Ел Ахзаб, 21) И земајќи за основа зборовите на Веровесникот ﷺ на прошталниот аџилак:

«خُذُوا عَنِّي مَنَاسِكَكُمْ».

„Земете ги од мене начините на извршувањето на вашите обреди.“[1]

А што се однесува до оној што се упатува кон Мека, а нема намера да изврши аџилак или умра — како трговец, дрвосечач, поштар или некој друг — тој не е должен да влезе во ихрам, освен ако сам не го посака тоа, поради зборовите на Пратеникот ﷺ во претходно споменатиот хадис, кога ги определил микатите:

«هُنَّ لَهُنَّ، وَلِمَنْ أَتَى عَلَيْهِنَّ مِنْ غَيْرِ أَهْلِهِنَّ، مِمَّنْ أَرَادَ الحَجَّ وَالعُمْرَةَ»،

„Тие се за нивните жители и за секој што ќе помине низ нив, а не е нивен жител, доколку има намера да изврши аџилак или умра.“[2] Од ова се разбира дека оној што поминува покрај микатите, а нема намера да изврши аџилак или умра, не е должен да е во состојба на ихрам.

---

[1] Го бележи Муслим, бр. 1297.
[2] Претходно наведено.

Ова е од Аллаховата милост кон Неговите робови и Неговото олеснување за нив — па Нему Му припаѓа сета пофалба и благодарност за тоа. Ова го потврдува и фактот дека Пратеникот ﷺ, кога пристигнал во Мека во годината на нејзиното освојување, не влегол во ихрам, туку влегол во неа носејќи шлем на главата; бидејќи тогаш немал намера да изврши ниту аџилак ниту умра, намерата му била ослободувањето на градот и искоренувањето на ширкот што постоел во него.

Оној чиј дом се наоѓа поблиску до Мека од страна на микатите — како жителите на Џеда, Уму Селем, Бахра, Еш-Шераи, Бедр, Местура и сличните места — не е должен да оди до било кој од петте споменати микати. Неговото живеалиште е негов микат, и од таму влегува во ихрам за аџилак или умра, соодветно на неговата намера. А ако има друго живеалиште надвор од микатот, тогаш има избор: ако сака, може да влезе во ихрам од самиот микат, а ако сака, може да влезе во ихрам од неговиот дом, доколку тој е поблиску до Мека од микатот. Основа за ова се општите зборови на Пратеникот ﷺ во хадисот на Ибн Абас, радијаллаху анху, кога ги спомнал микатите и рекол:

«فَمَنْ كَانَ دُونَهُنَّ، فَمُهَلُّهُ مِنْ أَهْلِهِ، وَكَذَلِكَ حَتَّى أَهْلُ مَكَّةَ يُهِلُّونَ مِنْ مَكَّةَ»

„Оној што се наоѓа по нив, влегува во ихрам[1] од неговиот дом; а и жителите на Мека влегуваат во ихрам од Мека.“[2] Го бележат Бухари и Муслим.

Меѓутоа, оној што сака да изврши умра, а се наоѓа во границите на харемот, должен е да излезе надвор од тие граници и оттаму да влезе во состојба на ихрам за умра. Причината е тоа што Пратеникот ﷺ, кога Аиша побарала да изврши умра, му наредил на нејзиниот брат Абдурахман да ја однесе надвор од границите на харемот, за да влезе во ихрам оттаму. Ова јасно укажува дека оној што извршува умра не влегува во ихрам од внатрешноста на харемот, туку мора да влезе во ихрам од Хил — односно од просторот надвор од неговите граници (границите на харемот).

Овој хадис го специфицира претходно споменатиот хадис на Ибн Абас и укажува дека намерата на Аллаховиот Пратеник ﷺ со неговите зборови:

«حَتَّى أَهْلُ مَكَّةَ يُهِلُّونَ مِنْ مَكَّةَ»،

„Дури и жителите на Мека влегуваат во ихрам од Мека“,[3] се однесува на влегувањето во ихрам

[1] Влегува во ихрам: односно неговото гласно изговарање на телбијата е од местото на неговиот ихрам.

[2] Дел од претходниот хадис.

[3] Претходно наведено.

за аџилакот, а не за умрата. Затоа што, доколку влегувањето во ихрам за умра е дозволено од внатрешноста на харемот, Пратеникот ﷺ ќе ѝ го дозволеше тоа на Аиша, радијаллаху анха, и немаше да ѝ нареди да излезе до Хил. Ова е јасно прашање, и тоа е ставот на мнозинството алими — Аллах нека им се смилува. Тоа е и посигурниот став за верникот, бидејќи овозможува постапување согласно двата хадиса. А Аллах е Тој што дава успех.

Исто така, она што некои луѓе го прават — да извршуваат повеќе умри по аџилакот, било од Теним, Џирана или некое друго место, иако веќе извршиле умра пред аџилакот — за тоа нема доказ дека е пропишано. Напротив, доказите укажуваат дека е подобро тоа да се изостави, затоа што Пратеникот ﷺ и неговите асхаби, радијаллаху анхум, не извршиле умра по завршувањето со аџилакот. Аиша ја извршила умрата од Теним единствено затоа што не можела да ја изврши заедно со останатите при нивното влегување во Мека, бидејќи била со менструација. Поради тоа го замолила Пратеникот ﷺ да ѝ дозволи да изврши друга умра наместо онаа за која била во состојба на ихрам од микатот. Пратеникот ﷺ ѝ го дозволил тоа, па така Аиша ги добила двете умри: умрата што била составен дел од нејзиниот хаџ, и умрата што ја извршила од Теним. Оттаму, оној

што е во иста состојба како Аиша — односно не ја извршил умрата пред аџилакот поради оправдана причина — има дозвола да изврши умра по аџилакот, постапувајќи согласно сите докази и земајќи го олеснувањето што му е дадено на муслиманите.

Нема сомнение дека извршувањето дополнителна умра од страна на аџиите по завршувањето со аџилакот — освен умрата со која влегле во Мека — претставува оптоварување за сите, предизвикува големи гужви и метеж, а воедно е и спротивно на упатството на Пратеникот ﷺ и неговиот сунет. А Аллах е Тој што дава успех.

## Поглавје:
## Пропис за оној што ќе стигне на микатот надвор од месеците за аџилак

Знај дека за оној што ќе пристигне на микат постојат две состојби:

Прва состојба: Да пристигне надвор од месеците на аџилакот, како во рамазан или шабан. За ваквиот е сунет да влезе во состојба на ихрам за умра, така што ќе ја донесе намерата во своето срце и гласно ќе ја изговори велејќи: „Леббејке умретен“ или „Аллахумме леббејке умретен.“ Потоа ја изговара телбијата на Пратеникот ﷺ, која гласи:

«لَبَّيْكَ اللَّهُمَّ لَبَّيْكَ، لَبَّيْكَ لَا شَرِيكَ لَكَ لَبَّيْكَ، إِنَّ الحَمْدَ وَالنِّعْمَةَ لَكَ وَالمُلْكَ، لَا شَرِيكَ لَكَ».

„Леббејке Аллахумме леббејк, леббејке ла шерике леке леббејк, иннел-хамде вен-ниʻмете леке вел-мулк, ла шерике лек.“ (Ти се одзивам, Аллаху мој Ти се одзивам, Ти се одзивам Тебе кому никој не му е рамен, Ти се одзивам, благодарноста и благодетите се Твои, а Твоја е и власта, Тебе кому никој не му е рамен).[1] Често треба да ја повторува оваа телбија и да Го спомнува Севишниот Аллах, сè додека не стигне до Ќаба. Кога ќе пристигне, го прекинува изговарањето на телбијата и извршува таваф околу неа седум круга. Потоа клања два реката зад Мекамот, се упатува кон Сафа и извршува саЈ помеѓу Сафа и Мерва седум круга. На крај ја бричи главата или ја скратува косата. Со тоа неговата умра е завршена и му станува дозволено сè што му беше забрането за време на ихрам.

Втора состојба: Да стигне до микатот во месеците на аџилакот, а тоа се: шевал, зул-каде и првите десет дена од зул-хиџе.

Таквиот има избор меѓу три нешта: да влезе во ихрам само за аџилак, само за умра, или да ги спои двата обреда.Пратеникот ﷺ, кога пристигнал на микатот во месецот зул-каде за

---

[1] Го бележат Бухари, бр. 1549, и Муслим, бр. 1184.

време на Прошталниот хаџ, им дал избор на неговите асхаби меѓу овие три видови обред. Меѓутоа, сунет за ваквата личност — ако со себе не носи жртвено животно — е да влезе во ихрам за умра, и да постапи исто како оној што пристигнува на микат надвор од месеците на аџилакот. Причината е тоа што Пратеникот ﷺ им наредил на асхабите, кога се приближиле до Мека, нивниот ихрам да го претворат во умра, а тоа им го потврдил и во самиот град. Па тие извршиле тавaф, сај, ја скратиле косата и излегле од ихрам — покорувајќи се на неговата наредба — освен оние што со себе воделе жртвено животно. Ним Пратеникот ﷺ им наредил да останат во ихрам сè до Денот на жртвувањето (10 зул-хиџе). За оној што со себе носи жртвено животно, сунет е да влезе во ихрам и за аџилак и за умра заедно, бидејќи Пратеникот ﷺ така постапил — тој самиот водел жртвено животно и им наредил на асхабите што воделе жртвено животно, а влегле во ихрам за умра, да ја додадат и намерата за аџилак. Тие не требало да излезат од ихрам сè додека не го извршат и аџилакот и умрата на Денот на жртвувањето. А ако оној што носи жртвено животно влегол во ихрам само за аџилак — тогаш исто така останува во ихрам до Денот на жртвувањето, како и оној што ги спојува двата обреда.

Од ова јасно се дознава дека оној што влегол во ихрам само за аџилак, или за аџилак и умра заедно, а со себе не носи жртвено животно, не треба да остане во ихрам, туку сунет е да ја претвори намерата од ниет за аџилак во ниет за умра: да изврши таваф, саЈ, да ја скрати косата, а потоа да излезе од ихрам. Така Пратеникот ﷺ им наредил на асхабите кои не noселе жртвено животно. Доколку постои страв дека ќе го пропушти аџилакот поради доцно пристигнување — тогаш нема пречка да остане во ихрам до крајот на обредите. А Аллах најдобро знае.

Оној што е во состојба на ихрам а се плаши дека нема да може да го доврши обредот — бидејќи е болен, или стравува од непријател, или од слична пречка — препорачливо е при влегувањето во ихрам да каже: „Ако ме спречи некаква пречка, моето ослободување од ихрам ќе биде таму каде што ќе бидам спречен“ поради хадисот на Дубаа бинт ез-Зубејр, радијаллаху анха, која рекла: „О, Аллахов пратенику, сакам да извршам аџилак, но болна сум.“

Тогаш Пратеникот ﷺ ѝ рече:

«حُجِّي وَاشْتَرِطِي أَنَّ مَحِلِّي حَيْثُ حَبَسْتَنِي»

„Изврши аџилак и постави услов: ‚моето место на излегување од ихрам е таму каде што ќе бидам спречена.‘“[1] (Бухари и Муслим)

Користа од овој услов е таа дека доколку на мухримот му се случи нешто што ќе го спречи да го доврши обредот — како болест или спречување од непријател — дозволено му е да излезе од состојбата на ихрам и нема никаква обврска или казна.

## Поглавје:
## Прописот за аџилакот на малолетникот: Дали тој го заменува задолжителниот аџилак?

Аџилакот на малолетното машко или женско дете е валиден. Во Сахихот на имамот Муслим се бележи хадис од Ибн Абас, радијаллаху анхума, дека една жена го подигнала своето дете пред Пратеникот ﷺ и рекла: „О, Аллахов Пратенику, дали за ова дете има аџилак?“ Тој ﷺ одговорил:

«نَعَمْ، وَلَكِ أَجْرٌ».

„Да, а и тебе ти следува награда.“[2]

Исто така во Сахихот на имамот Бухари е забележан и хадис од Саиб бин Језид, радијаллаху анху, кој рекол: „Бев на аџилак заедно со Аллаховиот пратеник ﷺ кога имав

[1] Го бележат Бухари, бр. 5089, и Муслим, бр. 1207.
[2] Го бележи Муслим, бр. 1336.

седум години.“[1] Меѓутоа, овој аџилак не ја исполнува обврската за задолжителниот аџилак по полнолетството.

Истото важи и за робот и робинката: нивниот аџилак е валиден, но не ги ослободува од задолжителниот аџилак по нивното ослободување, потпирајќи се врз хадисот на Ибн Абас, радијаллаху анхума, во кој Пратеникот ﷺ рекол:

«أَيُّمَا صَبِيٍّ حَجَّ، ثُمَّ بَلَغَ الحِنْثَ، فَعَلَيْهِ أَنْ يَحُجَّ حَجَّةً أُخْرَى، وَأَيُّمَا عَبْدٍ حَجَّ، ثُمَّ أُعْتِقَ، فَعَلَيْهِ حَجَّةٌ أُخْرَى»

„Секое дете што ќе изврши аџилак, па потоа ќе достигне полнолетство, должно е да изврши уште еден аџилак; и секој роб што ќе изврши аџилак, па потоа ќе биде ослободен, должен е да изврши уште еден аџилак.“[2] Хадисот го бележат Ибн Еби Шејбе и Бејхеки со добар синџир на пренесувачи.

Ако детето е под возраст на распознавање, старателот го кажува ниетот за ихрам во негово име, го соблекува од кроена облека и ја изговара телбијата за него. Со тоа детето влегува во состојба на ихрам, и за него важат истите забрани како и за возрасниот мухрим. Истото важи и за девојчето под возраст на распознавање: старателот го донесува ниетот

---

[1] Го бележи Бухари, бр. 1858.
[2] Го бележи Ибн Еби Шејбе (4/444).

за неа, ја изговара телбијата во нејзино име и таа станува мухрима, со сите забрани што важат за возрасна жена во ихрам. Препорачливо е и двајцата да бидат во чиста облека и со чисто тело при тавафот, бидејќи тавафот наликува на намазот, а чистотата е услов за неговата исправност.

Ако малолетното момче или девојче се веќе на возраст на распознавање, тогаш влегуваат во ихрам со дозвола на старателот и при влегувањето во ихрам го извршуваат она што го извршува и возрасниот, како бањање, нанесуање на парфем и слично. Старател е секој што се грижи за нивните потреби и интереси — татко, мајка или друг што води грижа нив. Старателот во нивно име го извршува она што тие самите не можат да го извршат — како фрлање камчиња — а тие се должни да ги извршат сите останати обреди: стоење на Арафат, преноќување на Мина и Музделифа, таваф и сај. Ако не можат сами да го извршат тавафот и сајот, се извршува таваф и сај со нив додека се носат во раце или се возат во количка. Подобро е оној што ги носи да не ги прави тавафот и сајот заеднички помеѓу себе и детето, туку да намери таваф и сај само за детето, а за себе да изврши посебен таваф и посебен сај — од претпазливост во ибадетот и согласно хадисот:

«دَعْ مَا يَرِيبُكَ إِلَى مَا لَا يَرِيبُكَ».

„Остави го она во што се сомневаш за она во што не се сомневаш.“[1] Но, ако оној што го носи детето ја има намерата тавафот да го направи и за себе и за детето истовремено, тоа е валидно според најисправниот од двата става; бидејќи Пратеникот ﷺ не ѝ наредил на жената што прашуваше за аџилакот на детето да направи посебен таваф само за него. Доколку тоа беше задолжително, Пратеникот ﷺ ќе го појаснеше. А Аллах е Тој што дава успех.

Момчето и девојчето што се на возраст на распознавање треба да бидат во чиста состојба — од правна и физичка нечистотија — пред да започнат со тавафот, исто како и возрасниот мухрим. Ихрамот за детето под возраст на распознавање не е обврска за неговиот старател, туку претставува доброволен чин: ако старателот го направи тоа — ќе има награда; а ако го изостави — нема да има грев. А Аллах најдобро знае.

[1] Го бележи Тирмизи, бр. 2518.

## Поглавје:
## Појаснување на забранетите работи за време на ихрам и дозволените работи за мухримот

На оној што влегол во состојба на ихрам — без разлика дали е маж или жена — не му е дозволено да отстранува влакна, да ги сече ноктите или да се намирисува.

На мажот дополнително не му е дозволено да носи кроена облека во нејзината вообичаена форма, односно облека што е скроена според обликот на телото — како кошула — ниту пак поединечни парчиња како поткошула, панталони, местви или чорапи. Исклучок има само во случај на нужда— ако не најде изар (долниот дел од ихрамот), дозволено му е да носи панталони; ако не најде сандали, дозволено му е да носи местви, без да ги пресекува, а доказ е хадисот на Ибн Абас, радијаллаху анхума, забележан во двата Сахиха, во кој Пратеникот ﷺ рекол:

«مَنْ لَمْ يَجِدْ نَعْلَيْنِ، فَلْيَلْبَسِ خُفَّيْنِ، وَمَنْ لَمْ يَجِدْ إِزَارًا، فَلْيَلْبَسْ سَرَاوِيلَ».

„Кој нема сандали, нека носи местви; а кој нема изар, нека носи панталони.“[1]

Што се однесува до преданието од Ибн Омер, радијаллаху анхума — во кое се спомнува

[1] Го бележат Бухари, бр. 1841, и Муслим, бр. 1179.

наредба маствите да се пресечат доколку мухримот е принуден да ги носи бидејќи нема сандали — оваа наредба е дерогирана. Пратеникот ﷺ ја изрекол во Медина, кога бил запрашан што е дозволено да носи мухримот.

Но подоцна, на Арафат, во неговиот општ говор пред луѓето, тој ﷺ дозволил носење на мести во отсуство на сандали без да нареди да се пресечат. На тој говор присуствувале и оние што не го слушнале претходниот одговор во Медина, а појаснувањето на пропишаното не смее да се одложи во време кога е потребно — што е познат принцип во хадиските и фикските основи. Со тоа јасно се потврдува дека претходната наредба за пресекување на мествите е дерогирана. Доколку пресекувањето беше задолжително, Пратеникот ﷺ ќе го појаснеше тоа. А Аллах најдобро знае.

Дозволено е мухримот да носи мести што се под глуждовите, бидејќи тие спаѓаат во истата категорија како и сандалите.

Исто така, дозволено е изарот — долниот дел од ихрамот — да се врзе или да се прицврсти со конец или на друг начин, затоа што нема доказ што го забранува тоа.

Дозволено е мухримот да се избања, да ја измие и почеша главата доколку има потреба — но благо и внимателно. Ако при тоа отпадне нешто од косата, нема грев.

На жената во состојба на ихрам ѝ е забрането да носи нешто скроено за лицето, како никаб, или нешто скроено за рацете, како ракавици; поради зборовите на Пратеникот ﷺ:

«وَلَا تَنْتَقِبِ المَرْأَةُ المُحْرِمَةُ، وَلَا تَلْبَسِ القُفَّازَيْنِ»

„Жената во ихрам нека не носи никаб и нека не носи ракавици."[1] (Бухари) Под ракавици се подразбира секое парче облека што е сошиено или исткаено така што ја следи формата на рацете — било од волна, памук или друг материјал.

Дозволено ѝ е да носи и друга кроена облека, како кошула, панталони, местви, чорапи и слично.

Исто така, дозволено ѝ е да ја спушти шамијата преку лицето кога има потреба од тоа, без да ја прицврстува; а ако шамијата го допре лицето, нема грев. Доказ за тоа е хадисот на Аиша, радијаллаху анха, во кој вели: „Јавачите поминуваа покрај нас додека ние бевме со Божјиот Пратеник ﷺ во ихрам. Кога ќе ни се приближеа, секоја од нас го спушташе својот џилбаб од главата врз лицето; а кога ќе нѐ одминеа, го откривавме."[2] Го бележат Ебу Давуд и Ибн Маџе, а Дарекутни бележи сличен хадис од Уму Селеме.

---

[1] Го бележи Бухари, бр. 1838.
[2] Го Ебу Давуд, бр. 1833.

Исто така, нема пречка да ги покрие и рацете со дел од својата облека или со нешто друго. Должна е да го покрие лицето и дланките кога е во присуство на мажи кои не ѝ се махрем, бидејќи тие спаѓаат во аврет — срамен дел — поради зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿...وَلَا يُبْدِينَ زِينَتَهُنَّ إِلَّا لِبُعُولَتِهِنَّ...﴾

„И нека не ги покажуваат украсите свои освен на мажите свои.“ (Ен Нур, 31) Нема сомнеж дека лицето и дланките се најголем украс,

а лицето во тоа е уште поистакнато и поголемо. Возвишениот исто така рекол:

﴿...وَإِذَا سَأَلْتُمُوهُنَّ مَتَاعًا فَاسْأَلُوهُنَّ مِنْ وَرَاءِ حِجَابٍ ذَلِكُمْ أَطْهَرُ لِقُلُوبِكُمْ وَقُلُوبِهِنَّ...﴾

„А ако барате нешто од нив, барајте го тоа од нив од зад перде. Тоа е почисто и за вашите и за нивните срца.“ (Ел Ахзаб, 53)

А што се однесува до практиката на многу жени да ставаат парче ткаенина под химарот за да го подигнат од лицето, тоа — колку што ни е познато — нема основа во шеријатот. Доколку тоа беше пропишано, Пратеникот ﷺ ќе му го појаснеше на уметот и не би му било дозволено да го премолчи.

На мухримот, било маж или жена, му е дозволено да ја пере облеката во која влегол во

ихрам ако се извалка или слично, и дозволено му е да ја замени со друга.

На мажот не му е дозволено да носи облека која е обоена со шафран или со верс, бидејќи Пратеникот ﷺ го забранил тоа во хадисот на Ибн Омер, радијаллаху анхума.

Должност на мухримот е да се воздржува од говор поврзан со половиот однос, од говорот во кој има грев и од расправии. Возвишениот Аллах вели:

﴿الْحَجُّ أَشْهُرٌ مَّعْلُومَاتٌ فَمَن فَرَضَ فِيهِنَّ الْحَجَّ فَلَا رَفَثَ وَلَا فُسُوقَ وَلَا جِدَالَ فِي الْحَجِّ...﴾

„Аџилакот е во познатите месеци; тој што ќе се обврзе дека во нив ќе изврши аџилак не смее да има однос со сопругата, ниту нешто лошо да прави, ниту да се препира во текот на аџилакот.“ (Ел Бекаре, 197)

Исто така, веродостојно е пренесено дека Веровесникот ﷺ рекол:

«مَنْ حَجَّ، فَلَمْ يَرْفُثْ، وَلَمْ يَفْسُقْ، رَجَعَ كَيَوْمِ وَلَدَتْهُ أُمُّهُ».

„Кој ќе го изврши аџилакот, без да говори непристојни зборови и без да направи грев, ќе се врати како на денот кога го родила мајка му.“[1]
Ер-рефес се однесува на половиот однос, но и на бесрамниот говор и постапки. Ел-фусук се гревовите, а ел-џидал е расправањето за

[1] Го бележат Бухари од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, бр. 1521, и Муслим, бр. 1350.

невистина или за нешто што нема никаква корист. А што се однесува до расправањето „на најубав начин“ со цел да се покаже вистината и да се побие невистината — во тоа нема ништо лошо, напротив, тоа е наредено; како што е спомнато во зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿ادْعُ إِلَى سَبِيلِ رَبِّكَ بِالْحِكْمَةِ وَالْمَوْعِظَةِ الْحَسَنَةِ وَجَادِلْهُمْ بِالَّتِي هِيَ أَحْسَنُ...﴾

„На патот на Господарот твој мудро и со убав совет повикувај, и со нив на најубав начин дискутирај.“ (Ен Нахл, 125)

На мажот во состојба на ихрам му е забрането да ја покрива главата со нешто што директно се допира и прилега на неа, како што се капче, гутра/шамија, турбан и слично. Истото важи и за покривањето на лицето. Ова се должи на зборовите на Пратеникот ﷺ во врска со човекот кој паднал од своето јавачко животно на Денот на Арафат и починал:

«اغْسِلُوهُ بِمَاءٍ وَسِدْرٍ، وَكَفِّنُوهُ فِي ثَوْبَيْهِ، وَلَا تُخَمِّرُوا رَأْسَهُ، وَلَا وَجْهَهُ، فَإِنَّهُ يُبْعَثُ يَوْمَ القِيَامَةِ مُلَبِّيًا»

„Избањајте го со вода и сидр, обвиткајте го во неговите две облеки, не му ја покривајте главата, ниту лицето, бидејќи тој ќе биде проживеан на Судниот ден изговарајќи ја телбијата.“[1] Го бележат Бухари и Муслим, а ова е текстот од верзијата на Муслим.

---

[1] Го бележат Бухари, бр. 1521, и Муслим, бр. 1350.

А во однос на засенувањето со покрив од возило, со чадор или нешто слично — во тоа нема никаква пречка, исто како што е дозволено да се засенува под шатор или под дрво, затоа што во веродостојните хадиси е потврдено дека Пратеникот ﷺ бил засенет со ткаенина кога ги фрлал камчињата кај Џемретул-Акабе, и дека за него ﷺ бил подигнат шатор кај местото Немира, под кој престојувал сѐ додека сонцето не го поминало зенитот на Денот на Арафат.

На мажите и жените кои се во состојба на ихрам им е забрането: ловењето дивеч, помагање во тоа или протерување на дивечот од неговото место, склопување брак, половиот однос, запросувањето на жена, како и интимен физички допир со страст. Доказ за ова е хадисот на Осман, радијаллаху анху, во кој Пратеникот ﷺ рекол:

«لَا يَنْكِحُ الْمُحْرِمُ وَلَا يُنْكِحُ وَلَا يَخْطُبُ»

„Мухримот нека не се жени, ниту да венчава, ниту да се вери.“[1] (Муслим)

Доколку оној што е во состојба на ихрам облече кроена облека, ја покрие главата или парфем — од заборав или од незнаење — тогаш не е должен да даде фидја. Должен е само да го отстрани тоа веднаш штом ќе се сети или

[1] Го бележи Муслим, бр. 1409.

дознае. Истото важи и за оној што од заборав или незнаење ќе ја избричи главата, ќе земе нешто од својата коса или ќе ги исече ноктите — нема никаква обврска (фидја) според најисправното мислење.

На муслиманот — било да е во состојба на ихрам или не, и било да е маж или жена — му е забрането да убива дивеч во границите на харемот и да помага во неговото убивање, било директно со некаква алатка, било со покажување каде се наоѓа дивечот или на каков било друг начин.

Забрането е и да се брка дивечот од неговото место. Забрането е, исто така, да се сечат дрвјата и зелените растенија во харемот, како и да се зема она што е изгубено — освен од оној што ќе го огласи. Доказ за тоа се зборовите на Пратеникот ﷺ:

«فَإِنَّ هَذَا البَلَدَ - يَعْنِي مَكَّةَ - حَرَامٌ بِحُرْمَةِ اللَّهِ إِلَى يَوْمِ القِيَامَةِ، لَا يُعْضَدُ شَوْكُهُ، وَلَا يُنَفَّرُ صَيْدُهُ، وَلَا يُلْتَقَطُ لُقَطَتُهُ إِلَّا مَنْ عَرَفَهَا، وَلَا يُخْتَلَى خَلَاهَا»

„Навистина овој град – Мека – Аллах го одредил за свет сè до Судниот ден. Не се сечат неговите трнливи растенија, ниту се вознемирува неговиот дивеч, ниту се земаат неговите изгубени предмети освен од оној кој ќе го објави тоа, ниту се собираат неговите растенија.“[1] (Бухари и Муслим)

[1] Го бележат Бухари, бр. 1834, и Муслим, бр. 1353.

Муншид е оној што јавно објавува, хила е свежа трева, Мина и Музделифа се дел од Харемот, а Арефат е надвор од него.

## Поглавје:
## Постапките на аџијата при влегувањето во Мека и појаснување за тавафот и начинот на неговото извршување по влегувањето во Месџидул Харам

Кога мухримот ќе пристигне во Мека, препорачливо е да се избања пред да влезе, бидејќи така постапил Пратеникот ﷺ.

А кога ќе пристигне во Месџидул Харам, сунет е да влезе со десната нога и да изговори: „Бисмиллах. Салават и селам врз Аллаховиот Пратеник. Барам заштита кај Возвишениот Аллах, со Неговото благородно Лице и Неговата вечна власт од проколнатиот шејтан. Аллаху мој, отвори ми ги вратите на Твојата милост." Ова се изговара и при влегување во сите други џамии, а за Месџидул Харам нема посебен зикр што веродостојно е пренесен од Пратеникот ﷺ — колку што ми е познато.

Кога ќе пристигне до Ќабата, прекинува со телбијата пред да започне со тавафот — доколку извршува теметту или умра. Потоа се упатува кон Црниот камен, се свртува кон него, го допира со десната рака и го бакнува ако е во можност, без туркање и без да им наштетува на

луѓето. При допирањето изговара: „Бисмиллах, Аллаху екбер“, или само: „Аллаху екбер.“ Ако не може да го бакне, го допира со рака, со стап или со нешто слично, па го бакнува тоа со што го допрел. А ако не може ниту да го допре, тогаш само покажува кон него и изговара: „Аллаху екбер“, и не го бакнува предметот со кој покажува. За исправноста на тавафот се условува извршителот да биде во состојба на чистота – и од мала, и од голема нечистотија – бидејќи тавафот е сличен на намазот, со таа разлика што во него е дозволено зборувањето. За време на тавафот, Ќабата треба да му биде од левата страна. Убаво е, на почетокот на тавафот, да каже: „Аллаху мој, поради верувањето во Тебе, потврдувањето на Твојата Книга, исполнувањето на заветот кон Тебе и следењето на сунетот на Твојот Пратеник Мухамед ﷺ.“ Ова е пренесено од Пратеникот ﷺ. Тавафот се извршува седум круга. Во првите три круга од првиот таваф – а тоа е тавафот што се извршува веднаш по пристигнувањето во Мека, без разлика дали извршува умра, теметту, само аџилак (ифрад) или ги спојува аџот и умрата (киран) – се практикува забрзано одење (рамл), а во преостанатите четири круга се оди нормално. Секој круг започнува од Црниот камен и завршува кај него.

Рамл е забрзано одење со кратки чекори, и мустехаб е да се практикува идтиба во текот на целиот овој таваф, но не и во другите тавафи. Идтиба значи средниот дел од наметката (ридата) да се постави под десната мишка, а двата краја да се префрлат преку левото рамо.

Ако се посомнева во бројот на круговите, се потпира на она што е сигурно — на помалиот број. Па ако се двоуми дали направил три или четири круга, ќе ги смета за три. Истото важи и за сајот.

По завршувањето на овој таваф, ја облекува наметката нормално — на двете рамена, со краевите спуштени на градите — пред да ги клања двата реката на тавафот.

Исто така, жените треба да се предупредат и одвратат од тоа да извршуваат украсени или намирисани, како и од откривање, бидејќи се сметаат за аврет. Затоа, должни се да бидат целосно покриени и да ги остават украсите за време на тавафот и во сите ситуации во кои доаѓа до мешање со мажи; бидејќи тие се аврет и претставуваат искушение. Лицето на жената е нејзиниот најистакнат украс, па не ѝ е дозволено да го открива освен пред своите махреми, поради зборовите на Возвишениот Аллах.

﴿...وَلَا يُبْدِينَ زِينَتَهُنَّ إِلَّا لِبُعُولَتِهِنَّ...﴾

„И нека не ги покажуваат украсите свои освен на мажите свои.“ (Ен Нур, 31) Не им е дозволено на жените да го откриваат лицето при бакнувањето на Црниот камен ако ги гледа некој од мажите. Ако не можат да му пријдат за да го допрат и бакнат, не им е дозволено да се туркаат со мажите; туку ќе извршуваат таваф зад нив. Тоа е подобро за нив и носи поголема награда отколку да прават таваф во близина на Ќабата додека се туркаат со мажите. Рамлот и идтиба не се пропишани во друг таваф освен овој, ниту во сајот, ниту за жените; бидејќи Пратеникот ﷺ не практикувал рамл и идтиба освен на првиот таваф, кој го извршил при неговото пристигнување во Мека.

За време на тавафот, човекот треба да биде чист од правна и физичка нечистотија, покорен на својот Господар и понизен пред Него.

Се препорачува за време на тавафот што повеќе да Го спомнува Аллах и да упатува дова, а убаво е и да рецитира нешто од Куранот. Ниту во првиот таваф, ниту во другите вида на таваф, ниту во сајот, не е пропишан некаков посебен зикр или посебна дова.

А она што некои луѓе го воведе – да одредуваат посебни зикрови или посебни дови за секој круг од тавафот или сајот – нема основа. Доволен е секој зикр и секоја дова што му е олеснета на човекот. Кога ќе се доближи до

Јеменскиот агол, го допира со десната рака и изговара:

„Бисмиллах, валлаху екбер“,

без да го бакнува. Ако не може да го допре, го остава и продолжува со тавафот, без да покажува кон него и без да изговара „Аллаху екбер“, затоа што – колку што ни е познато – тоа не е потврдено од Пратеникот ﷺ. Пожелно е меѓу Јеменскиот агол и Црниот камен да изговара:

﴿...رَبَّنَا آتِنَا فِي الدُّنْيَا حَسَنَةً وَفِي الْآخِرَةِ حَسَنَةً وَقِنَا عَذَابَ النَّارِ 201﴾

„Господару наш, дај ни добро на овој и на оној свет и сочувај нè од казната во огнот!“ (Ел Бекаре, 201) Секогаш кога ќе помине покрај Црниот камен, го допира и го бакнува, и изговара: „Аллаху екбер“. Ако не може да го допре и бакне, покажува кон него секојпат кога ќе помине покрај него и изговара „Аллаху екбер“.

Нема пречка тавафот да се изврши зад Земзем и зад Мекамот, особено кога има голема гужва. Целиот Месџид е место каде што тавафот е исправен. Дури и ако човекот го изврши тавафот во ходниците на Месџидот, тоа му се прифаќа; но тавафот поблиску до Ќабата е подобар, ако е во можност.

Кога ќе заврши со тавафот, клања два реката зад Мекамот, ако е во можност. А ако поради

гужва или друга причина не може да клања таму, ги клања на кое било место од Месџидот. Сунет е на тие два реката, по Фатиха, да се рецитира:

﴿قُلۡ يَٰٓأَيُّهَا ٱلۡكَٰفِرُونَ1﴾

„Кажи: О, вие неверници“, (Ел Кафирун, 1) на првиот рекат и

﴿قُلۡ هُوَ ٱللَّهُ أَحَدٌ1﴾

„Кажи: Тој е Аллах, Еден е“, (Ел Ихлас, 1) на вториот рекат, и тоа е најдобро. Но ако рецитира нешто друго, нема пречка. Потоа се упатува кон Црниот камен и го допира со десната рака, ако е во можност; следејќи го во тоа примерот на Пратеникот ﷺ.

Потоа се упатува кон Сафа од нејзината врата, се искачува на неа или застанува кај неа, а искачувањето на Сафа е подобро ако е можно, и на почетокот на првиот круг ги рецитира Аллаховите зборови:

﴿إِنَّ الصَّفَا وَالْمَرْوَةَ مِنْ شَعَائِرِ اللَّهِ...﴾

„Сафа и Мерва, навистина, се Аллахови обредни места.“ (Ел Бекаре, 158)

Препорачливо е да се сврти кон киблата на Сафа, да изговори Елхамдулиллах, Аллаху Екбер, и да каже: „Нема друг вистински Бог освен Аллах, и Аллах е најголем. Нема друг вистински Бог освен Единствениот Аллах, Нему никој не му е рамен, Негова е власта и Нему му

припаѓа благодарноста, Тој оживува и умртвува, и Тој е Семоќен. Нема друг вистински Бог освен Единствениот Аллах, го исполни ветувањето, го помогна Својот роб и Сам ги победи сојузниците“. Потоа се моли со што му е олеснето, кревајќи ги рацете. Овој зикр и дова ги повторува трипати, а потоа се спушта надолу и оди кон Мерва сѐ додека не стигне до првото зелено обележје, каде што мажот забрзано оди сѐ додека не стигне до второто зелено обележје. Што се однесува до жената, не ѝ е пропишано да оди забрзано меѓу двете зелени обележја; бидејќи треба да остане скромно покриена, за неа е пропишано да оди без брзање во текот на целиот сај. Потоа оди и се искачува на Мерва или застанува кај неа, а искачувањето на неа е повредно, ако тоа е возможно. На Мерва кажува и прави исто како што кажал и направил на Сафа, освен рецитирањето на ајетот:

﴿إِنَّ الصَّفَا وَالْمَرْوَةَ مِنْ شَعَائِرِ اللَّهِ...﴾

„Сафа и Мерва, навистина, се Аллахови обредни места.“ (Ел Бекаре, 158) Ова е пропишано исклучиво при искачување на Сафа, и тоа само на почетокот; следејќи го примерот на Пратеникот ﷺ. Потоа се симнува, па оди на делот предвиден за одење и забрзува на делот предвиден за забрзување, сѐ додека не стигне до Сафа. Ова го прави седум пати, така што

одењето во еден правец се брои како еден круг, а враќањето како друг круг; бидејќи Пратеникот ﷺ го правел споменатото и рекол:

«خُذُوا عَنِّي مَنَاسِكَكُمْ».

„Примете ги од мене вашите обреди.“[1] Се препорачува за време на сајот што повеќе да се спомнува Аллах и да се упатува дова, според можностите, и човекот да биде во состојба на чистота – и од голема, и од мала нечистотија. Но, доколку изврши сај без да биде во чистота, тоа е исправно и му се прифаќа. Истото важи и за жената ако добие менструација или постпородилно крвавење по завршениот таваф, ќе го изврши сајот и тој ќе ѝ биде исправен; затоа што чистотата не е услов за валидноста на сајот, туку само препорачана – како што беше спомнато претходно.

Кога ќе заврши со сајот, аџијата ја бричи главата или ја крати косата. Бричењето е подобро за мажот. Ако ја скрати косата и го остави бричењето за аџилак – и тоа е добро. А доколку неговото доаѓање во Мека е блиску до деновите на аџилакот, тогаш скратувањето е подобро, за целосното бричење да го изврши за време на аџилакот; бидејќи Пратеникот ﷺ, кога тој и неговите асхаби пристигнале во Мека на четвртиот ден од зул-хиџе, им наредил на оние

[1] Претходно наведено.

што не довеле жртвено животно да излезат од ихрам и да ја скратат косата, а не им наредил бричење. При скратувањето мора да се опфати целата глава – не е доволно да се скрати само дел, исто како што не е доволно ниту бричење на само еден дел од главата. За жената е пропишано само скратување:

од секоја плетенка зема онолку колку што е врвот од прстот (унмула) или помалку, и не смее да земе повеќе од тоа.

Кога мухримот ќе ги изврши овие обреди, неговата умра е завршена, и му станува дозволено сè што му било забрането поради ихрамот – освен ако со себе води жртвено животно, бидејќи во тој случај останува во состојба на ихрам сè додека не излезе од него за аџилакот и умрата заедно.

Оној што влегол во ихрам само за аџилак или за аџилак и умра заедно, сунет му е да го претвори својот ихрам во умра и да постапи како оној што извршува теметту, освен ако со себе води жртвено животно; бидејќи Пратеникот ﷺ им го наредил тоа на своите асхаби и рекол:

«لَوْ لَا أَنِّي سُقْتُ الهَدْيَ لَأَحْلَلْتُ مَعَكُمْ».

„Да не го водев жртвеното животно, ќе излезев од ихрам заедно со вас.“[1]

---

[1] Го бележи Бухари, бр. 1568.

Ако жената добие менструација или постпородилно крвавење откако ќе го облече ихрамот за умра, нема да изврши таваф сај сè додека не се очисти. Па, кога ќе стане чиста, ќе направи таваф, сај и ќе ја скрати косата, и со тоа ја завршува својата умра. Ако не се очисти пред денот на Тервије, ќе влезе во ихрам за аџилак од местото каде што престојува и ќе излезе со луѓето на Мина, и со тоа прави спој помеѓу аџилакот и умрата, и ќе прави сè што прави аџијата, како што е стоењето на Арафат, кај Мешарил-харам, фрлањето на камчињата, преноќувањето на Музделифа и на Мина, колењето на курбанот и скратувањето на косата. Па, кога ќе стане чиста, ќе направи таваф околу Ќаба и сај помеѓу Сафа и Мерва, еден таваф и еден сај, и тоа ќе ѝ биде доволно и за хаџот и за умрата; поради хадисот на Аиша, дека таа добила менструација откако го облекла ихрамот за умра, па Пратеникот ﷺ ѝ рекол:

«افْعَلِي مَا يَفْعَلُ الحَاجُّ غَيْرَ أَنْ لَا تَطُوفِي بِالبَيْتِ حَتَّى تَطْهُرِي»

„Прави сè што прави аџијата, освен што нема да правиш таваф околу Ќаба додека не се исчистиш.“[1] (Бухари и Муслим)

Ако жената во менструација или со постпородилно крвавење ги фрли камчињата

[1] Го бележат Бухари, бр. 305, и Муслим, бр. 1211.

на Џемерати на денот на жртвувањето (бајрамот) и ја скрати косата, ѝ станува дозволено сè што ѝ било забрането со ихрамот, како користење парфеми и слично, освен интимнот контакт со сопругот, сè додека не го доврши аџилакот како и другите чисти жени. Кога ќе направи таваф и сај откако ќе стане чиста, тогаш ѝ станува дозволен и сопругот.

## Поглавје:

## Пропис за влегувањето во ихрам за аџилак на осмиот ден од месецот зул-хиџе и упатувањето кон Мина.

На денот на Тервије, а тоа е осмиот ден од месецот зул-хиџе, пожелно е за оние што се во Мека, а не се во ихрам, како и за жителите на Мека кои имаат намера да извршат аџилак, да влезат во ихрам за аџилак од своите живеалишта; бидејќи асхабите на Веровесникот ﷺ престојувале во Ебтах и од таму влегле во ихрам за аџилак на денот на Тервије по негова наредба. Веровесникот ﷺ не им наредил да одат до Каба и таму да влезат во ихрам, ниту пак кај Мизаботот (олукот на Ќаба). Исто така, не им наредил да го извршат прошталниот таваф при нивното заминување кон Мина. Доколку тоа беше пропишано, тој ќе ги подучел на тоа. А сето добро е во следењето

на Веровесникот ﷺ и неговите асхаби, радијаллаху анхум.

При влегувањето во ихрам за аџилакот се препорачува да се избања, да се исчисти и да користи парфем, како што тоа го прави при влегувањето во ихрам од микатот. По влегувањето во ихрам за аџилакот, сунет е да се упатат кон Мина на Денот на Тервија, пред или по пладне, и често да ја повторуваат телбијата сè до фрлањето камчиња на Џемретул Акабе. На Мина ги клањаат пладневниот, икиндискиот, акшамскиот, јацискиот и сабахскиот намаз. Сунет е секој намаз да го клањаат во негово време скратено, без да ги спојуваат, освен акшамскиот и сабахскиот намаз, кои не се кратат.

Во тоа нема разлика помеѓу жителите на Мека и останатите; бидејќи Веровесникот ﷺ на жителите на Мека и на останатите ги предводел во намаз, кратејќи ги намазите на Мина, Арафат и Музделифа, и не им наредил на жителите на Мека да ги клањаат целосно. Доколку тоа беше обврска за нив, ќе им го објаснеше тоа.

Потоа, по изгрејсонце на денот на Арефат, аџијата се упатува од Мина кон Арефат. Сунет е да се спушти во Немира до пладне, доколку тоа е можно, бидејќи така постапил и Веровесникот ﷺ.

Кога сонцето ќе го помине зенитот, сунет е имамот или неговиот заменик да им одржи на луѓето хутба соодветна на состојбата. Во неа ќе им го појасни она што му е пропишано на аџијата во овој ден и во деновите што следат, ќе ги повика на богобојазност кон Аллах, тевхид и искреност кон Него во сите дела, ќе ги предупреди од Неговите забрани и ќе им препорача да се држат до Аллаховата Книга и сунетот на Неговиот пратеник ﷺ, да постапуваат според нив и да бараат решение од нив во сите работи — следејќи го примерот на Пратеникот ﷺ во сето тоа. Потоа, се клањаат пладневниот и икиндискиот намаз скратено и споено, во времето на пладневниот намаз, со еден езан и две икамета, како што постапил Пратеникот ﷺ. Ова го пренесува Муслим во хадисот од Џабир, радијаллаху анху.

Потоа аџиите стојат на Арафат, а целиот Арафат е место за стоење, освен долината Урена. Препорачливо е да се свртат кон киблата и кон Ридот на милоста, ако тоа е возможно. Доколку не е можно да се свртат кон двете, тогаш се свртуваат кон киблата, дури и ако не се свртени кон ридот. Препорачано е аџијата, на ова возвишено стоење, да вложи труд во спомнувањето на Возвишениот Аллах, во упатување дови и во понизно и искрено молење упатено Нему, притоа кревајќи ги рацете при

довата. Ако изговара телбија или учи нешто од Куранот, тоа е добро. Од сунет е често да се изговара: „Ла илахе иллаллаху вахдеху ла шерике леху, лехул-мулку ве лехул-хамду, јухји ве јумиту ве хуве ала кулли шеј’ин кадир“ (Нема друг вистински бог освен Аллах, Единиот, Кој нема содружник; Негова е власта и Нему му припаѓа благодарноста; Тој оживува и усмртува и Тој е Семоќен) затоа што се пренесува од Пратеникот ﷺ дека рекол:

«خَيْرُ الدُّعَاءِ دُعَاءُ يَوْمِ عَرَفَةَ، وَأَفْضَلُ مَا قُلْتُ أَنَا وَالنَّبِيُّونَ مِنْ قَبْلِي: لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ وَحْدَهُ لَا شَرِيكَ لَهُ، لَهُ الْمُلْكُ وَلَهُ الحَمْدُ، يُحْيِي وَيُمِيتُ وَهُوَ عَلَى كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ»،

„Најдобра дова е довата на денот на Арефат, и најдоброто што сум го рекол јас и Божјите пратеници пред мене, е следнава дова: ‚Ла илахе иллаллаху вахдеху ла шерике леху, лехул-мулку ве лехул-хамду, јухји ве јумиту ве хуве ала кулли шеј ин кадир‘“ (Нема друг вистински бог освен Аллах, Единиот, кому никој не му е рамен, Негова е власта и Нему му припаѓа благодарноста, Тој оживува и усмртува, и Тој е Семоќен).[1] Исто така, веродостојно е пренесено од него ﷺ дека рекол:

«أَحَبُّ الكَلَامِ إِلَى اللَّهِ أَرْبَعٌ: سُبْحَانَ اللَّهِ، وَالحَمْدُ لِلَّهِ، وَلَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ، وَاللَّهُ أَكْبَرُ».

[1] Го бележи Тирмизи, бр. 3585.

„Најсаканите зборови кај Аллах се четири: Субханалах, Елхамдулиллах, Ла илахе иллаллах и Аллаху Екбер.“[1]

Затоа се препорачува често изговарање и повторување на овој зикр со смиреност и присутност на срцето. Исто така, се препорачува често изговарање на зикровите и довите пренесени во шеријатот во секое време, а особено на ова место и на овој голем ден. Треба да се одберат сеопфатните зикрови и дови, меѓу кои се:

* Славен нека е Аллах и Нему Му припаѓа благодарноста, славен нека е Аллах, Големиот,

﴿...لَا إِلَهَ إِلَّا أَنتَ سُبْحَانَكَ إِنِّي كُنتُ مِنَ الظَّالِمِينَ 87﴾

„Нема бог освен Тебе, Славен си! Јас, навистина, бев од тие што си сторија насилство!“ (Ел Енбија, 87)

* Нема друг Бог освен Аллах, само Него го обожуваме, Негови се благодетите и добрините, го заслужува убавото величање, нема друг Бог освен Аллах, искрено исповедајќи ја верата иако тоа не го сакаат неверниците.

* „Ла хавле ве ла кувветe илла биллах/Нема сила ниту моќ освен со Аллах“.[2]

* ﴿...رَبَّنَا آتِنَا فِي الدُّنْيَا حَسَنَةً وَفِي الْآخِرَةِ حَسَنَةً وَقِنَا عَذَابَ النَّارِ 201﴾

[1] Го бележи Муслим, бр. 2137.
[2] Го бележи Муслим од Ибн ез-Зубејр, радијаллаху анху, бр. 594.

* „Господару наш, дај ни добро на овој и на оној свет и сочувај нѐ од казната во огнот!“

(Ел Бекаре, 201)

* اللَّهُمَّ أَصْلِحْ لِي دِينِيَ الَّذِي هُوَ عِصْمَةُ أَمْرِي، وَأَصْلِحْ لِي دُنْيَايَ الَّتِي فِيهَا مَعَاشِي، وَأَصْلِحْ لِي آخِرَتِي الَّتِي فِيهَا مَعَادِي، وَاجْعَلِ الحَيَاةَ زِيَادَةً لِي فِي كُلِّ خَيْرٍ، وَالمَوْتَ رَاحَةً لِي مِنْ كُلِّ شَرٍّ.

„Аллаху мој, поправи ја мојата вера која е моја сигурност, дај ми добро на овој свет затоа што тука живеам, уреди го мојот ахирет (оној свет) каде ќе бидам оживеан, направи мојот живот да биде зголемување на секое добро, а смртта спас од сѐ што е лошо.“[1]

* أَعُوذُ بِاللَّهِ مِنْ جَهْدِ البَلَاءِ، وَدَرَكِ الشَّقَاءِ، وَسُوءِ القَضَاءِ، وَشَمَاتَةِ الأَعْدَاءِ.

* „Барам засолниште кај Аллах од тежината на несреќата, и од достигнувањето на бедата, и од лошата одредба, и злорадоста на непријателите.“[2]

* اللَّهُمَّ إِنِّي أَعُوذُ بِكَ مِنَ الهَمِّ وَالحَزَنِ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنَ العَجْزِ وَالكَسَلِ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنَ الجُبْنِ وَالبُخْلِ، وَمِنَ المَأْثَمِ وَالمَغْرَمِ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنْ غَلَبَةِ الدَّيْنِ وَقَهْرِ الرِّجَالِ.

„О Аллаху, барам засолниште кај Тебе од грижите и тагата, и барам засолниште кај Тебе од немоќта и мрзеливоста, и барам засолниште кај Тебе од кукавичлукот и скржавоста, и од гревот и презадолженоста, и барам засолниште

[1] Го бележи Муслим како хадис пренесен од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, бр. 2720.
[2] Го бележи Бухари од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, бр. 6347.

кај Тебе да ме не надвладее долгот и од угнетувањето на луѓето.“[1]

* اللَّهُمَّ إِنِّي أَعُوذُ بِكَ مِنَ البَرَصِ وَالجُنُونِ وَالجُذَامِ وَمِنْ سَيِّئِ الأَسْقَامِ.

* „Аллаху мој, барам заштита од Тебе од болеста витилиго, лудилото, лепрата, и од тешките болести.“[2]

* „Аллаху мој, Те молам за прошка и благосостојба на овој и на идниот свет.“

* „Аллаху мој, Те молам да ми простиш и да ми дадеш благосостојба во мојата вера, во мојот живот, во моето семејство и во мојот имот.“

* اللَّهُمَّ استُرْ عَوْرَتِي وَآمِنْ رَوْعَاتِي، اللَّهُمَّ احْفَظْنِي مِنْ بَيْنِ يَدَيَّ وَمِنْ خَلْفِي، وَعَنْ يَمِينِي وَعَنْ شِمَالِي، وَمِنْ فَوْقِي، وَأَعُوذُ بِعَظَمَتِكَ أَنْ أُغْتَالَ مِنْ تَحْتِي.

* „Аллаху мој, скриј ги моите недостатоци и смири ме во моменти на страв, Аллаху мој, чувај ме од предната и задната страна, од десната и левата страна, и одозгора; и барам заштита преку Твојата Величина да не бидам зграпчен одоздола.“[3]

* اللَّهُمَّ اغْفِرْ لِي جِدِّي وَهَزْلِي، وَخَطَئِي وَعَمْدِي، وَكُلَّ ذَلِكَ عِنْدِي، اللَّهُمَّ اغْفِرْ لِي مَا قَدَّمْتُ وَمَا أَخَّرْتُ، وَمَا أَسْرَرْتُ وَمَا أَعْلَنْتُ، وَمَا أَنْتَ أَعْلَمُ بِهِ مِنِّي، أَنْتَ المُقَدِّمُ وَأَنْتَ المُؤَخِّرُ، وَأَنْتَ عَلَى كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ.

*„Аллаху мој, прости ми ги гревовите, кои ги направив свесно и несвесно, ненамерно и

[1] Со овој текст го бележи Ебу Давуд од Ебу Умаме ел-Енсари, без зборовите (и од гревот и долгот), бр. 1554.

[2] Го бележи Ебу Давуд од Енес, радијаллаху анху, бр. 1554.

[3] Ебу Давуд од Ибн Омер, радијаллаху анхума, бр. 5074.

намерно, а сето тоа го има кај мене. Аллаху мој, прости ми ги поранешните гревови и оние кои ќе ги направам подоцна, оние кои ги направив тајно и оние што ги направив јавно, и она што Ти го знаеш подобро од мене. Ти приближуваш и Ти оддалечуваш, Ти си Семоќниот.“[1]

* اللَّهُمَّ إِنِّي أَسْأَلُكَ الثَّبَاتَ فِي الأَمْرِ وَالعَزِيمَةَ عَلَى الرُّشْدِ، وَأَسْأَلُكَ شُكْرَ نِعْمَتِكَ وَحُسْنَ عِبَادَتِكَ، وَأَسْأَلُكَ قَلْبًا سَلِيمًا وَلِسَانًا صَادِقًا، وَأَسْأَلُكَ مِنْ خَيْرِ مَا تَعْلَمُ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنْ شَرِّ مَا تَعْلَمُ، وَأَسْتَغْفِرُكَ لِمَا تَعْلَمُ، إِنَّكَ عَلَّامُ الغُيُوبِ.

* „Аллаху мој, Те молам за постојаност во верата и одлучност на Вистинскиот пат. И Те молам за благодарност за Твојата благодат и убав ибадет кон Тебе. И Те молам за здраво срце и искрен јазик. И од Тебе го барам секое добро што Ти го знаеш, и барам засолниште кај Тебе од секое зло што Ти го знаеш. И барам прошка од Тебе за она што Ти го знаеш. Ти, навистина, го знаеш сето она што е скриено.“[2]

* اللَّهُمَّ رَبَّ النَّبِيِّ مُحَمَّدٍ عَلَيْهِ الصَّلَاةُ وَالسَّلَامُ، اغْفِرْ لِي ذَنْبِي، وَأَذْهِبْ غَيْظَ قَلْبِي وَأَجِرْنِي مِنْ مُضِلَّاتِ الفِتَنِ مَا أَحْيَيْتَنَا.

* „Аллаху мој, Господару на Пратеникот Мухамед ﷺ прости ми ги моите гревови, отстрани го гневот од моето срце и заштити ме

[1] Дел од хадис кој го бележи Муслим од Ебу Муса ел-Ешари, радијаллаху анху, бр. 2719.
[2] Го бележи Тирмизи од Шеддад ибн Евс, радијаллаху анху, бр. 3407.

од искушенијата кои водат во заблуда, сè додека нè одржуваш во живот.“[1]

* اللَّهُمَّ رَبَّ السَّمَاوَاتِ وَرَبَّ الأَرْضِ وَرَبَّ العَرْشِ العَظِيمِ، رَبَّنَا وَرَبَّ كُلِّ شَيْءٍ، فَالِقَ الحَبِّ وَالنَّوَى، وَمُنْزِلَ التَّوْرَاةِ وَالإِنْجِيلِ وَالفُرْقَانِ، أَعُوذُ بِكَ مِنْ شَرِّ كُلِّ شَيْءٍ أَنْتَ آخِذٌ بِنَاصِيَتِهِ، اللَّهُمَّ أَنْتَ الأَوَّلُ فَلَيْسَ قَبْلَكَ شَيْءٌ، وَأَنْتَ الآخِرُ فَلَيْسَ بَعْدَكَ شَيْءٌ، وَأَنْتَ الظَّاهِرُ فَلَيْسَ فَوْقَكَ شَيْءٌ، وَأَنْتَ البَاطِنُ فَلَيْسَ دُونَكَ شَيْءٌ، اقْضِ عَنَّا الدَّيْنَ وَأَغْنِنَا مِنَ الفَقْرِ.

* „Аллаху мој, Господару на небесата и Господару на Земјата, и Господару на величествениот Трон. Господару наш и Господару на сè, Ти што го расцепуваш зрното и семката, Објавителу на Тевратот, Инџилот и Фуркани. Барам Твоја заштита од злото на секое нешто над кое Ти имаш потполна власт. Аллаху мој, Ти си Првиот и пред Тебе нема ништо, Ти си Последниот и по Тебе нема ништо, Ти си Возвишениот и нема ништо над Тебе, и Ти си Скриениот и нема ништо поблиску од Тебе. Ослободи нè од долгот и сочувај нè од сиромаштијата.“[2]

* اللَّهُمَّ أَعْطِ نَفْسِي تَقْوَاهَا، وَزَكِّهَا أَنْتَ خَيْرُ مَنْ زَكَّاهَا، أَنْتَ وَلِيُّهَا وَمَوْلَاهَا، اللَّهُمَّ إِنِّي أَعُوذُ بِكَ مِنَ العَجْزِ وَالكَسَلِ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنَ الجُبْنِ وَالهَرَمِ وَالبُخْلِ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنْ عَذَابِ القَبْرِ.

* „Аллаху мој, подари ѝ на мојата душа богобојазливост и очисти ја; Ти си најдобриот

[1] Го бележи Ахмед, како еден од хадисите кои ги пренесува Уму Селеме, радијаллаху анха (6/301).

[2] Го бележи Муслим како хадис пренесен од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, бр. 2713.

што ја чисти, Ти си нејзин Заштитник и Помагач. Аллаху мој, кај Тебе барам прибежиште од немоќ и мрзеливост, и кај Тебе барам прибежиште од кукавичлак, старечка изнемоштеност и скржавост, и кај Тебе барам прибежиште од казната во гробот.“[1]

* اللَّهُمَّ لَكَ أَسْلَمْتُ، وَبِكَ آمَنْتُ، وَعَلَيْكَ تَوَكَّلْتُ، وَإِلَيْكَ أَنَبْتُ، وَبِكَ خَاصَمْتُ، أَعُوذُ بِعِزَّتِكَ أَنْ تُضِلَّنِي، لَا إِلَهَ إِلَّا أَنْتَ، أَنْتَ الحَيُّ الَّذِي لَا يَمُوتُ، وَالجِنُّ وَالإِنْسُ يَمُوتُونَ.

* „Аллаху мој, Тебе Ти се предадов, во Тебе верувам, врз Тебе се потпирам, кон Тебе се враќам, и со Твоја помош полемизирам. Барам засолниште во Твојата моќ да не ме оставиш да заталкам, нема друг вистински бог освен Тебе, Ти си Живиот, Кој не умира, а џините и луѓето умираат.“[2]

* اللَّهُمَّ إِنِّي أَعُوذُ بِكَ مِنْ عِلْمٍ لَا يَنْفَعُ، وَمِنْ قَلْبٍ لَا يَخْشَعُ، وَمِنْ نَفْسٍ لَا تَشْبَعُ، وَمِنْ دَعْوَةٍ لَا يُسْتَجَابُ لَهَا.

* „Аллаху мој, кај Тебе барам прибежиште од знаење што не користи, од срце што не е исполнето со стравопочит, од душа што не се наситува и од дова што не се прима.“[3]

* اللَّهُمَّ جَنِّبْنِي مُنْكَرَاتِ الأَخْلَاقِ وَالأَعْمَالِ وَالأَهْوَاءِ وَالأَدْوَاءِ.

---

[1] Го бележи Муслим како хадис пренесен од Зејд бин Еркам, радијаллаху анху, бр.2722.

[2] Го бележи Муслим како хадис пренесен од Ибн Абас, радијаллаху анхума, бр. 2717.

[3] Ова е дел од хадисот на Зејд бин Еркам, радијаллаху анху, кој претходно беше спомнат, бр. 2722.

* „О Аллаху, оддалечи ме од лошиот морал, лошите дела, следењето на страстите и тешките болести.“[1]

* اللَّهُمَّ أَلْهِمْنِي رُشْدِي، وَأَعِذْنِي مِنْ شَرِّ نَفْسِي.

* „Аллаху мој, вдахни ми разумност и заштити ме од злото на мојата душа.“[2]

* اللَّهُمَّ اكْفِنِي بِحَلَالِكَ عَنْ حَرَامِكَ، وَأَغْنِنِي بِفَضْلِكَ عَمَّنْ سِوَاكَ.

* „Аллаху мој, нека ми биде доволно тоа што е дозволено кое ќе ме оддалечи од забранетото, Твојата дарежливост нека ми биде доволна да не се потпрам на некој друг.“[3]

* اللَّهُمَّ إِنِّي أَسْأَلُكَ الهُدَى وَالتُّقَى وَالعَفَافَ وَالغِنَى.

* „Аллаху мој, Те молам за упатство, побожност, чедност и независност од луѓето.“[4]

* اللَّهُمَّ إِنِّي أَسْأَلُكَ الهُدَى وَالسَّدَادَ.

* „Аллаху мој, Те молам за упатство и исправност.“[5]

* اللَّهُمَّ إِنِّي أَسْأَلُكَ مِنَ الخَيْرِ كُلِّهِ، عَاجِلِهِ وَآجِلِهِ، مَا عَلِمْتُ مِنْهُ وَمَا لَمْ أَعْلَمْ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنَ الشَّرِّ كُلِّهِ، عَاجِلِهِ وَآجِلِهِ، مَا عَلِمْتُ مِنْهُ وَمَا لَمْ أَعْلَمْ، وَأَسْأَلُكَ مِنْ خَيْرِ مَا سَأَلَكَ مِنْهُ عَبْدُكَ وَنَبِيُّكَ مُحَمَّدٌ ﷺ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنْ شَرِّ مَا اسْتَعَاذَ مِنْهُ عَبْدُكَ وَنَبِيُّكَ مُحَمَّدٌ ﷺ، اللَّهُمَّ إِنِّي أَسْأَلُكَ الجَنَّةَ وَمَا قَرَّبَ إِلَيْهَا مِنْ قَوْلٍ أَوْ عَمَلٍ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنَ

---

1 Го бележи Тирмизи од Зијад бин Алака, од неговиот чичко, бр. 3591.
2 Го бележи Тирмизи од хадисот на Имран ибн Хусајн, радијаллаху анху, бр. 3483.
3 Го бележи Тирмизи од Али, радијаллаху анху, бр. 3563.
4 Го бележи Муслим од хадисот на Абдулах бин Месуд, радијаллаху анху, бр. 2721.
5 Го бележи Муслим од хадисот на Али, радијаллаху анху, бр. 2725.

النَّارِ وَمَا قَرَّبَ إِلَيْهَا مِنْ قَوْلٍ أَوْ عَمَلٍ، وَأَسْأَلُكَ أَنْ تَجْعَلَ كُلَّ قَضَاءٍ قَضَيْتَهُ لِي خَيْرًا.

* „О Аллаху, од Тебе го барам секое добро — и итното и одложеното — она што го знам и она што не го знам. И барам засолниште кај Тебе од секое зло — и итното и одложеното — она што го знам и она што не го знам. Од Тебе го барам доброто што од Тебе го барал Твојот роб и Твојот пратеник Мухамед ﷺ, и барам засолниште кај Тебе од злото од кое засолниште барал Твојот роб и Твојот пратеник Мухамед ﷺ. О Аллаху, од Тебе го барам Џенетот и секој збор или дело што ме приближува кон него, и барам засолниште кај Тебе од Огнот и од секој збор или дело што води кон него. И Те молам секоја одредба што си ми ја одредил да ја направиш добра за мене.“[1]

* لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ وَحْدَهُ لَا شَرِيكَ لَهُ، لَهُ المُلْكُ وَلَهُ الحَمْدُ، يُحْيِي وَيُمِيتُ بِيَدِهِ الخَيْرُ وَهُوَ عَلَى كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ، سُبْحَانَ اللَّهِ، وَالحَمْدُ لِلَّهِ، وَلَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ، وَاللَّهُ أَكْبَرُ، وَلَا حَوْلَ وَلَا قُوَّةَ إِلَّا بِاللَّهِ العَلِيِّ العَظِيمِ.

* „Нема друг Бог освен Аллах, Единствениот, Кој нема здруженик, Нему Му припаѓа власта и Нему Му припаѓа сета благодарност, Тој оживува и усмртува, во Неговата рака е сето добро и Тој е Семоќен. Слава Му на Аллах, благодарноста Му припаѓа на Аллах, нема друго

[1] Го бележи Ибн Маџе, а хадисот го пренесува Аиша, радијаллаху анха, бр. 3846.

божество освен Аллах, Аллах е најголем, нема придвижување ниту моќ освен со Аллах, Возвишениот, Величествениот.“[1]

* اللَّهُمَّ صَلِّ عَلَى مُحَمَّدٍ، وَعَلَى آلِ مُحَمَّدٍ، كَمَا صَلَّيْتَ عَلَى إِبْرَاهِيمَ، وَعَلَى آلِ إِبْرَاهِيمَ، إِنَّكَ حَمِيدٌ مَجِيدٌ، وَبَارِكْ عَلَى مُحَمَّدٍ، وَعَلَى آلِ مُحَمَّدٍ، كَمَا بَارَكْتَ عَلَى إِبْرَاهِيمَ، وَعَلَى آلِ إِبْرَاهِيمَ، إِنَّكَ حَمِيدٌ مَجِيدٌ.

* „Алаху мој, дај им спас и благослов на Мухамед и на семејството негово, како што им даде спас и благослов на Ибрахим и на семејството негово, Ти си навистина фален и славен! Алаху мој, дај им бериќет на Мухамед и на семејството негово, како што им даде бериќет на Ибрахим и на семејството негово, Ти си навистина фален и славен.“[2]

* ﴿...رَبَّنَا آتِنَا فِي الدُّنْيَا حَسَنَةً وَفِي الْآخِرَةِ حَسَنَةً وَقِنَا عَذَابَ النَّارِ 201﴾

* „Господару наш, дај ни добро на овој и на оној свет и сочувај нè од казната во огнот!“

(Ел Бекаре, 201)

Затоа, должност на учените и верниците е да ги зголемат своите напори во повикувањето кон Возвишениот Аллах, во упатувањето на луѓето кон причините за постигнување спас и во предупредувањето од причините што водат кон пропаст. Особено во ова време, во кое надвладеа страстите, се раширија разорните идеологии и заблудувачките пароли, се намали бројот на повикувачите кон упатството, а се зголеми бројот на повикувачите кон безбожништво и разврат. Од Аллах бараме помош, и нема ниту сила ниту моќ освен кај Аллах, Севишниот, Величествениот.

## Поглавје:

## За препорачливоста да се подготвиме со дела на покорност

Препорачливо е аџиите, за време на нивниот престој во Мека, да бидат постојани во

[1] Го бележи Муслим, бр. 1893.
[2] Го бележат Бухари, бр. 3009, и Муслим, бр. 2406.

спомнувањето на Аллах, во покорноста кон Него и во извршувањето на добри дела. Исто така, препорачано е да ја зголемат својата грижа за намазот и за тавафот околу Ќабата, бидејќи добрите дела во Харемот се умножуваат, а гревовите во него се тешки и опасни. Исто така, препорачливо е често да искажуваат салават и селам за Аллаховиот пратеник ﷺ.

Кога аџиите имаат намера да ја напуштат Мека, задолжително е да го извршат прошталниот таваф (тавафул-веда), за да последниот нивен чин кај Ќабата да биде тавафот. Од ова се изземени жените во менструален циклус и оние во постпородилен период, за кои нема обврска за проштален таваф, врз основа на хадисот од Ибн Абас, радијаллаху анхума, кој рекол:

«أُمِرَ النَّاسُ أَنْ يَكُونَ آخِرُ عَهْدِهِمْ بِالبَيْتِ، إِلَّا أَنَّهُ خُفِّفَ عَنِ المَرْأَةِ الحَائِضِ»

„На луѓето им беше наредено последното нешто што ќе го направат кај Ќабата да биде тавафот, освен за жената која е во менструација.“[1]

Кога аџијата ќе заврши со простувањето од Ќабата и ќе посака да излезе од џамијата, треба да продолжи да оди нормално сѐ додека не излезе, а не да оди наназад, бидејќи таквата

[1] Го бележат Бухари, бр. 1755, и Муслим, бр. 1328.

постапка не е пренесена ниту од Пратеникот ﷺ, ниту од неговите асхаби. Напротив, тоа спаѓа во воведените новотарии, за кои Пратеникот ﷺ рекол:

«مَنْ عَمِلَ عَمَلًا لَيْسَ عَلَيْهِ أَمْرُنَا فَهُوَ رَدٌّ».

„Кој ќе направи дело што не е во согласност со нашата наредба (вера) - ќе му биде одбиено.“[1]

Исто така Тој ﷺ рекол:

إِيَّاكُمْ وَمُحْدَثَاتِ الأُمُورِ، فَإِنَّ كُلَّ مُحْدَثَةٍ بِدْعَةٌ، وَكُلَّ بِدْعَةٍ ضَلَالَةٌ».

„Чувајте се од новововедените работи во верата, бидејќи секоја новововедена работа е новотарија, а секоја новотарија е заблуда.“[2]

Го молиме Аллах да нè зацврсти во Неговата вера и да нè заштити од сè што ѝ се спротивставува. Навистина, Тој е Дарежлив и Благороден.

## Поглавје:

## Прописите и етикетите на посетата

Препорачано е да се посети џамијата на Аллаховиот пратеник ﷺ, било пред аџилакот или по него. Ова се темели на она што е веродостојно пренесено во двата „Сахиха“ од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, дека Пратеникот ﷺ рекол:

«صَلَاةٌ فِي مَسْجِدِي هَذَا خَيْرٌ مِنْ أَلْفِ صَلَاةٍ فِيمَا سِوَاهُ إِلَّا المَسْجِدَ الحَرَامَ».

---

[1] Претходно наведено.

[2] Го бележи Муслим од Џабир бин Абдулах, радијаллаху анху, бр. 867.

„Еден намаз извршен во оваа моја џамија е повреден од илјада намази извршени во која било друга џамија, освен во Месџидул-харам.“[1] Исто така, Ибн Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Пратеникот ﷺ рекол:

«صَلَاةٌ فِي مَسْجِدِي هَذَا أَفْضَلُ مِنْ أَلْفِ صَلَاةٍ فِيمَا سِوَاهُ إِلَّا المَسْجِدَ الحَرَامَ»

„Еден намаз извршен во оваа моја џамија е повреден од илјада намази извршени во која било друга џамија, освен во Месџидул-харам.“[2] Хадисот го бележи Муслим. Абдулах бин Зубејр, радијаллаху анху, исто така пренесува дека Аллаховиот пратеник ﷺ рекол:

«صَلَاةٌ فِي مَسْجِدِي هَذَا أَفْضَلُ مِنْ أَلْفِ صَلَاةٍ فِيمَا سِوَاهُ إِلَّا المَسْجِدَ الحَرَامَ، وَصَلَاةٌ فِي المَسْجِدِ الحَرَامِ أَفْضَلُ مِنْ مِائَةِ صَلَاةٍ فِي مَسْجِدِي هَذَا»

„Еден намаз извршен во оваа моја џамија е повреден од илјада намази во која било друга џамија, освен во Месџидул-харам, а еден намаз во Месџидул-харам е повреден од сто намази во оваа моја џамија.“[3] Хадисот го бележат Ахмед, ибн Хузејме и ибн Хибан.

Исто така, Џабир, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник ﷺ рекол:

«صَلَاةٌ فِي مَسْجِدِي هَذَا أَفْضَلُ مِنْ أَلْفِ صَلَاةٍ فِيمَا سِوَاهُ، إِلَّا المَسْجِدَ الحَرَامَ، وَصَلَاةٌ فِي المَسْجِدِ الحَرَامِ أَفْضَلُ مِنْ مِائَةِ أَلْفِ صَلَاةٍ فِيمَا سِوَاهُ»

---

[1] Го бележат Бухари, бр. 1190, и Муслим, бр. 1394.
[2] Го бележи Муслим, бр. 1395.
[3] Ахмед бр. (4/5).

„Еден намаз извршен во оваа моја џамија е повреден од илјада намази во која било друга џамија, освен во Месџидул-харам, а еден намаз во Месџидул-харам е повреден од сто илјади намази во која било друга џамија.“[1] Хадисот го бележат Ахмед и Ибн Маџе. Хадисите во овој контекст се многубројни.

Кога посетителот ќе пристигне во џамијата, препорачано е да влезе со десната нога и да изговори: „Во името на Аллах. Нека се салават и селам врз Аллаховиот пратеник. Барам засолниште кај Возвишениот Аллах, со Неговото благородно Лице и Неговата вечна власт, од проколнатиот шејтан. Аллаху мој, отвори ми ги вратите на Твојата милост.“

Овој зикр се изговара и при влегување во сите други џамии, бидејќи за влегување во џамијата на Пратеникот ﷺ не постои посебен, специфичен зикр. Потоа посетителот клања два реката и во нив Го моли Аллах за секое добро што го посакува на овој и на идниот свет. Доколку овие два реката ги клања во чесната Ревда, тоа е уште подобро, поради зборовите на Пратеникот ﷺ:

«مَا بَيْنَ بَيْتِي وَمِنْبَرِي رَوْضَةٌ مِنْ رِيَاضِ الجَنَّةِ».

[1] Го бележи Ибн Маџе, бр. 1406.

„Просторот помеѓу мојата куќа и мојот минбер е градина од џенетските градини.“[1] Потоа, по намазот, посетителот го посетува гробот на Божјиот пратеник ﷺ, како и гробовите на двајцата асхаби – Ебу Бекр и Омер, радијаллаху анхума. Застанува спроти гробот на Божјиот пратеник ﷺ со почит и со тивок глас, а потоа му упатува селам, изговарајќи: „Ес-селаму алејке, ја Ресулуллах, ве рахметуллахи ве берекатуху.“ Ова се темели на она што го бележи Ебу Давуд во неговиот Сунен, со добар синџир на пренесувачи, од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, дека Аллаховиот пратеник ﷺ рекол:

«مَا مِنْ أَحَدٍ يُسَلِّمُ عَلَيَّ إِلَّا رَدَّ اللهُ عَلَيَّ رُوحِي حَتَّى أَرُدَّ عَلَيْهِ السَّلَامَ».

„Никој нема да ми упати селам, а Аллах да не ми ја врати душата за да му возвратам на селамот.“[2] Доколку посетителот во својот поздрав додаде и зборови како: „Мир врз тебе, о Божји пратенику.

Мир врз тебе, о најодбраниот од Аллаховите созданија.

Мир врз тебе, о првaку на пратениците и предводнику на богобојазливите. Сведочам дека ја достави пораката, го исполни аманетот, искрено го посоветува уметот и се бореше на

[1] Го бележат Бухари од Абдулах бин Зејд ел-Мазини, бр. 1195, и Муслим, бр. 1390.
[2] Ебу Давуд, бр. 2041.

Аллаховиот пат со вистинска борба“, во тоа нема ништо спорно, бидејќи сите овие описи се негови вистински особини. Потоа донесува салават врз него ﷺ и упатува дова за него, имајќи предвид дека во шеријатот е утврдено заедничкото донесување салават и селам врз Божјиот пратеник ﷺ, во согласност со зборовите на Возвишениот Аллах.

﴿إِنَّ اللَّهَ وَمَلَائِكَتَهُ يُصَلُّونَ عَلَى النَّبِيِّ يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا صَلُّوا عَلَيْهِ وَسَلِّمُوا تَسْلِيمًا 56﴾

„Аллах и мелеците Негови го благословуваат Веровесникот. О, верници, благословувајте го и вие и праќајте му поздрав!“ (Ел Ахзаб, 56) Потоа посетителот им упатува селам и на Ебу Бекр и на Омер, радијаллаху анхума, и упатува дова за нив, барајќи Аллахово задоволство за нив.

Се пренесува дека Ибн Омер, радијаллаху анхума, кога го упатувал селамот на Божјиот пратеник ﷺ и на неговите двајца асхаби, обично не додаваше повеќе од овие зборови: „Ес-селаму алејке, ја Ресулуллах.

Ес-селаму алејке, ја Еба Бекр.

Ес-селаму алејке, ја ебетах (татко мој).“ Потоа заминува.

Оваа посета е пропишана исклучиво за мажите. Што се однесува до жените, за нив не е дозволено да ги посетуваат гробовите, како што е пренесено од Пратеникот ﷺ дека тој

«لَعَنَ زُوَّارَاتِ الْقُبُورِ مِنَ النِّسَاءِ وَالْمُتَّخِذِينَ عَلَيْهَا الْمَسَاجِدَ وَالسُّرُجَ».

„ги проколнал жените што ги посетуваат гробиштата, како и оние што ги претвораат во џамии и палат светилки кај нив.“[1]

Меѓутоа, кога станува збор за намерна посета на Медина со цел клањање намаз во џамијата на Божјиот пратеник ﷺ, упатување дова во неа и извршување други дела што се пропишани и во останатите џамии, тоа е дозволено и пропишано за сите – и за мажите и за жените – врз основа на претходно споменатите хадиси.

На посетителот му е сунет да ги клања петте дневни намази во џамијата на Божјиот пратеник ﷺ и во неа што повеќе да се посвети на зикр, дова и клањање нафиле намази, за да ја заработи големата награда што произлегува од тоа.

Исто така, препорачливо е често клањање нафиле намази во чесната Ревда, поради вердостојниот хадис за нејзината посебна вредност, во кој Веровесникот ﷺ рекол:

«مَا بَيْنَ بَيْتِي وَمِنْبَرِي رَوْضَةٌ مِنْ رِيَاضِ الْجَنَّةِ».

„Просторот помеѓу мојата куќа и мојот минбер е градина од џенетските градини.“[2]

Што се однесува до фарз-намазот, препорачливо е посетителот, како и сите други,

---

[1] Ебу Давуд, бр. 3236.
[2] Претходно наведено.

навреме да доаѓа на него и, колку што е можно, да се труди да застане во првиот саф, дури и ако тоа е во предниот проширен дел на џамијата. Ова се темели на бројните веродостојни хадиси од Пратеникот ﷺ во кои се истакнува вредноста на првиот саф и се поттикнува кон него, како што се неговите зборови ﷺ:

«لَوْ يَعْلَمُ النَّاسُ مَا فِي النِّدَاءِ وَالصَّفِّ الأَوَّلِ ثُمَّ لَمْ يَجِدُوا إِلَّا أَنْ يَسْتَهِمُوا عَلَيْهِ لَاسْتَهَمُوا»

„Кога луѓето би знаеле каква награда има во езанот и во првиот саф, а не би имале друг начин освен да извлекуваат ждрепка за тоа, навистина би извлекувале ждрепка.“[1] (Бухари и Муслим) Исто така, Пратеникот ﷺ им рекол на асхабите:

«تَقَدَّمُوا فَأْتَمُّوا بِي وَلْيَأْتَمَّ بِكُمْ مَنْ بَعْدَكُمْ، وَلَا يَزَالُ الرَّجُلُ يَتَأَخَّرُ عَنِ الصَّلَاةِ حَتَّى يُؤَخِّرَهُ اللهُ»

„Приближете се напред и клањајте зад мене, а нека клањаат зад вас оние што ќе дојдат по вас. Човекот постојано ќе заостанува од намазот, сè додека Аллах не го оддалечи.“[2] (Го бележи Муслим)

И Ебу Давуд бележи, од Аиша, радијаллаху анха, со добар синџир на пренесувачи, дека Аллаховиот пратеник ﷺ рекол:

«لَا يَزَالُ الرَّجُلُ يَتَأَخَّرُ عَنِ الصَّفِّ المُقَدَّمِ حَتَّى يُؤَخِّرَهُ اللهُ فِي النَّارِ».

---

[1] Го бележи Муслим од Ебу Сеид ел-Худри, радијаллаху анху, бр. 438.
[2] Го бележат Бухари, бр. 615 и Муслим, бр. 437.

„Човекот ќе продолжи да заостанува од првиот саф, сè додека Аллах не го остави назад во Огнот.“[1] Исто така, веродостојно е пренесено дека Пратеникот ﷺ им рекол на асхабите:

«أَلَا تَصُفُّونَ كَمَا تَصُفُّ المَلَائِكَةُ عِنْدَ رَبِّهَا؟ قَالُوا: يَا رَسُولَ اللهِ، وَكَيْفَ تَصُفُّ المَلَائِكَةُ عِنْدَ رَبِّهَا؟ قَالَ: يُتِمُّونَ الصُّفُوفَ الأُوَلَ، وَيَتَرَاصُّونَ فِي الصَّفِّ»

„Зарем нема да се редите како што се редат мелеците пред својот Господар?“ Тие рекле: „О, Божји пратенику, а како се редат мелеците пред својот Господар?“ Тој одговорил: „Ги пополнуваат првите сафови и се збиваат во сафот.“[2] (Муслим)

Хадисите во овој контекст се многубројни и се однесуваат и на џамијата на Пратеникот ﷺ и на сите други џамии, како пред нејзиното проширување така и по него. Веродостојно е пренесено дека Пратеникот ﷺ ги поттикнувал асхабите да ги пополнуваат првите сафови и да внимаваат на десните страни на сафовите. Познато е дека десната страна на сафот во неговата првобитна џамија била надвор од чесната Ревда. Оттука јасно произлегува дека грижата за првите сафови и за нивните десни страни има предност пред грижата за клањање во Ревдата, и дека нивното почитување е

---

[1] Го бележи Муслим од Џабир бин Семура, бр. 430.

[2] Го бележи Ебу Давуд, бр. 679, со следниот текст: „Некои луѓе постојано ќе заостануваат од првиот саф, сè додека Аллах не ги остави назад во Огнот.“

поважно од настојувањето намазот да се изврши токму во неа. Ова е сосема јасно за секој што внимателно ќе ги разгледа хадисите пренесени во оваа област. А Аллах е Оној што дава успех.

Не е дозволено никому да го допира ѕидот на просторијата во која се наоѓаат гробовите, ниту да го бакнува или да кружи околу него, бидејќи тоа не е пренесено од исправните претходници, туку претставува осудена новотарија.

Исто така, не е дозволено од Пратеникот ﷺ да се бара исполнување на некаква потреба, олеснување на мака, излекување на болен или слично, бидејќи сето тоа се бара исклучиво од Аллах. Барањето такви нешта од мртвите претставува ширк кон Аллах и насочување на ибадет кон некој друг освен Него. Исламот се темели врз две основи:

Првата: да не се обожува никој освен Аллах, Единствениот.

Втората: да не се обожува Аллах освен на начинот што го пропишал Неговиот пратеник ﷺ.

Ова е вистинското значење на сведоштвото: „Нема божество достојно за обожување освен Аллах, и Мухамед е Божји пратеник.“

Исто така, не е дозволено од Пратеникот ﷺ да се бара шефат (застапништво), бидејќи шефатот целосно му припаѓа на Аллах и се бара

единствено од Него, како што Возвишениот Аллах вели:

﴿قُلْ لِلَّهِ الشَّفَاعَةُ جَمِيعًا...﴾

„Кажи: ‚Никој не може без Негова дозвола да посредува...“ (Ез Зумер, 44) Затоа се вели, на пример: „О Аллаху, дај му го заземањето за мене на Твојот Пратеник, на Твоите мелеци и на Твоите верни робови. О Аллаху, прифати го заземањето за мене на моите претходно починати деца“, и слично. Од мртвите не се бара ништо – ниту шефат ниту било што друго – без разлика дали се пратеници или други, бидејќи тоа не е пропишано и затоа што со смртта делата на човекот престануваат, освен она што Законодавецот (Аллах) го иззел.

Во Сахихот на имамот Муслим од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се бележи, дека Пратеникот ﷺ рекол:

«إِذَا مَاتَ ابْنُ آدَمَ انْقَطَعَ عَمَلُهُ إِلَّا مِنْ ثَلَاثٍ: صَدَقَةٍ جَارِيَةٍ، أَوْ عِلْمٍ يُنْتَفَعُ بِهِ، أَوْ وَلَدٍ صَالِحٍ يَدْعُو لَهُ».

„Кога ќе умре човекот, неговите дела престануваат, освен во три случаи: трајна садака, знаење од кое луѓето имаат корист или добродетелно дете кое упатува дова за него.“[1]

Барањето шефат од Пратеникот ﷺ било дозволено за време на неговиот живот и ќе биде

[1] Го бележи Муслим како хадис пренесен од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, бр. 1631.

дозволено и на Судниот ден, поради неговата способност за тоа – бидејќи тој може да истапи и да Го замоли својот Господар за оној што бара заземање. Во овоземниот живот ова не било нешто што се однесувало исклучиво на него, туку претставува општо правило и за него и за другите. Затоа, дозволено е муслиманот да му каже на својот брат: „Заземај се за мене кај мојот Господар за тоа и тоа“, а тоа значи: „Моли Го Аллах за мене“. И дозволено е на оној кому му е упатено тоа барање да Го моли Аллах и да се застапи за својот брат, доколку она што се бара спаѓа во работите кои Аллах дозволил да се бараат.

Што се однесува до Судниот ден, никој нема да може да се застапува освен со дозвола од Возвишениот Аллах, како што Тој вели:

﴿...مَنْ ذَا الَّذِي يَشْفَعُ عِنْدَهُ إِلَّا بِإِذْنِهِ...﴾

„Кој може кај Него да се зазема освен со Негова дозвола?“ (Ел Бекаре, 255)

Состојбата на смртта, пак, е посебна состојба и не смее да се поистоветува ниту со состојбата на човекот пред смртта, ниту со неговата состојба по проживувањето. Причината за тоа е што делата на починатиот престануваат и тој станува заложник на она што го спечалил, освен во она кое Законодавецот (Аллах) јасно го иззел. А барањето шефат од мртвите не спаѓа

меѓу работите кои Законодавецот ги иззел, па затоа не е дозволено да се поистоветува со тие исклучоци. Нема сомнеж дека Пратеникот ﷺ по неговата смрт е жив во задгробен живот, живее живот кој е посовршен од животот на шехидите. Но, таквиот живот не е од ист вид како неговиот живот пред смртта, ниту пак како неговиот живот на Судниот ден. Тоа е посебен вид живот, чијашто суштина и начин Аллах Единствениот ги знае. Поради тоа, во веродостоен хадис од Пратеникот ﷺ се пренесува дека рекол:

«مَا مِنْ أَحَدٍ يُسَلِّمُ عَلَيَّ إِلَّا رَدَّ اللهُ عَلَيَّ رُوحِي حَتَّى أَرُدَّ عَلَيْهِ السَّلَامَ»

„Секогаш кога некој ќе ми упати селам, Аллах ќе ми ја врати душата за да му возвратам на селамот.“[1]

Ова јасно укажува дека тој ﷺ е починат, дека неговата душа го напуштила телото, но дека Аллах ја враќа при упатување селам за да му возврати. Текстовите од Куранот и Сунетот што укажуваат на неговата смрт се добро познати и околу тоа постои согласност меѓу учените. Сепак, тоа воопшто не ја негира неговата задгробна животна состојба, исто како што смртта на шехидите не ја негира нивната задгробна живост, спомната во зборовите на Возвишениот Аллах.

---

[1] Го бележи Ебу Давуд, бр. 2041.

﴿وَلَا تَحْسَبَنَّ الَّذِينَ قُتِلُوا فِي سَبِيلِ اللَّهِ أَمْوَاتًا بَلْ أَحْيَاءٌ عِنْدَ رَبِّهِمْ يُرْزَقُونَ 169﴾

„Никако не сметај ги за мртви тие кои на Аллаховиот пат загинале! Не, тие се живи и снабдени се кај Господарот свој!“ (Али Имран, 169)

Подетално се задржавме на ова прашање поради големата потреба од негово појаснување, особено затоа што има многумина кои внесуваат сомнеж во оваа област и повикуваат кон ширк и обожување на мртвите покрај Аллах. Затоа, Го молиме Аллах да нѐ сочува, нас и сите муслимани, од сѐ што е спротивно на Неговиот шеријат. А Аллах најдобро знае.

Што се однесува до постапките на некои посетители – како што се подигањето на гласот кај неговиот ﷺ гроб и долгото задржување на тоа место – тоа е спротивно на пропишаното. Навистина, Возвишениот Аллах му забранил на уметот да ги подига своите гласови над гласот на Пратеникот ﷺ и да Му се обраќа гласно како што си се обраќаат едни на други, туку ги повикал да ги спуштаат своите гласови во Негово присуство, како што вели во Неговиот говор:

﴿يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا لَا تَرْفَعُوا أَصْوَاتَكُمْ فَوْقَ صَوْتِ النَّبِيِّ وَلَا تَجْهَرُوا لَهُ بِالْقَوْلِ كَجَهْرِ بَعْضِكُمْ لِبَعْضٍ أَنْ تَحْبَطَ أَعْمَالُكُمْ وَأَنْتُمْ لَا تَشْعُرُونَ 2 إِنَّ الَّذِينَ يَغُضُّونَ أَصْوَاتَهُمْ عِنْدَ رَسُولِ اللَّهِ أُولَئِكَ الَّذِينَ امْتَحَنَ اللَّهُ قُلُوبَهُمْ لِلتَّقْوَى لَهُمْ مَغْفِرَةٌ وَأَجْرٌ عَظِيمٌ 3﴾

„О, верници, не кревајте го гласот свој над гласот на Веровесникот и не разговарајте гласно со него, како што разговарате гласно едни со други, да не бидат поништени делата ваши, а вие и да не забележите.

Навистина, на тие што ќе ги стишат гласовите свои пред Аллаховиот Пратеник – а тоа се тие чии срца Аллах ги искушал во богобојазливоста – им припаѓа прошка и голема награда.“ (Ел Хуџурат, 2-3)

Исто така, долгото задржување покрај неговиот ﷺ гроб и честото повторување на селамите води до метеж, бучава и подигање на гласовите кај неговиот ﷺ гроб, што е спротивно на она што Аллах им го пропишал на муслиманите во овие јасни и недвосмислени ајети. Пратеникот ﷺ е достоен за почит и за време на животот и по смртта, па затоа не му прилега на верникот кај неговиот гроб да постапува спротивно на шеријатската етика.

Во недозволените постапки спаѓа и она што го прават некои посетители и други – како што трудот вложен за упатување дова кај неговиот ﷺ гроб, свртени кон гробот и со подигнати раце. Оваа практика е спротивна на она што го практикувале исправните претходници од асхабите на Божјиот пратеник ﷺ и нивните следбеници. Напротив, таа спаѓа меѓу

воведените новотарии, за кои Пратеникот ﷺ рекол:

«فَعَلَيْكُمْ بِسُنَّتِي وَسُنَّةِ الْخُلَفَاءِ الرَّاشِدِينَ الْمَهْدِيِّينَ مِنْ بَعْدِي، تَمَسَّكُوا بِهَا وَعَضُّوا عَلَيْهَا بِالنَّوَاجِذِ، وَإِيَّاكُمْ وَمُحْدَثَاتِ الأُمُورِ، فَإِنَّ كُلَّ مُحْدَثَةٍ بِدْعَةٌ وَكُلَّ بِدْعَةٍ ضَلَالَةٌ».

„Затоа, држете се до мојот сунет и сунетот на праведните и упатените халифи после мене; цврсто држете се за него и загризете со катниците; и чувајте се од воведените работи во верата, бидејќи секоја нововедена работа е новотарија, а секоја новотарија е заблуда.“[1]

Исто така Пратеникот ﷺ рекол :

«مَنْ أَحْدَثَ فِي أَمْرِنَا هَذَا مَا لَيْسَ مِنْهُ فَهُوَ رَدٌّ»

„Кој ќе воведе во нашата вера, нешто ново, што не е од неа, ќе му биде отфрлено.“[2]

«مَنْ عَمِلَ عَمَلًا لَيْسَ عَلَيْهِ أَمْرُنَا فَهُوَ رَدٌّ».

„Кој ќе направи дело што не е во согласност со нашата наредба (вера) - ќе му биде одбиено.“[3]

Али бин Хусејн Зејнул-Абидин, радијаллаху анхума, видел еден човек како упатува дова покрај гробот на Аллаховиот пратеник ﷺ, па го забранил тоа и му рекол:

„Да ти пренесам ли хадис што го слушнав од татко ми, од дедо ми, од Аллаховиот пратеник ﷺ, кој рекол:

[1] Го бележи Ебу Давуд од Ел-Ирбад бин Сарије, бр. 4607.
[2] Претходно наведено.
[3] Претходно наведено.

«لَا تَتَّخِذُوا قَبْرِي عِيدًا، وَلَا بُيُوتَكُمْ قُبُورًا، وَصَلُّوا عَلَيَّ، فَإِنَّ تَسْلِيمَكُمْ يَبْلُغُنِي أَيْنَمَا كُنْتُمْ».

„Не правете од мојот гроб светилиште, ниту од вашите домови гробници. Испраќајте поздрави до мене, бидејќи вашите поздрави ќе ми се доставаат каде и да сте.“[1]

Од недозволените постапки е и она што го прават некои посетители при поздравувањето на Пратеникот ﷺ, кога ја ставаат десната рака врз левата – на градите или под нив – слично на положбата во намазот. Оваа положба не е дозволена ниту при упатување селам нему ﷺ, ниту при поздравување на други, како што се владетели, водачи или други личности. Причината е што оваа положба претставува став на понизност, покорност и ибадет, а таквиот облик на изразување е дозволен исклучиво за Аллах. Ова го пренесува и хафизот Ибн Хаџер, рахимехуллах, во делото „Фетхул-бари“, наведувајќи го ставот на учените. Прашањето во оваа смисла е јасно и очигледно за секој што внимателно ќе размисли и чија цел е следење на патот на праведните претходници.

А што се однесува до оној кај кого надвладеале фанатизмот, страстите, слепото следење и лошото мислење кон оние што

[1] Преданието на Зејнул-Абидин го наведува хафиз ел-Макдиси, кој го пренесува хадисот без оваа случка, а го бележи и имамот Ахмед во неговиот „Муснед“ (2/367).

повикуваат кон методологијата на исправните претходници, неговата состојба Му е препуштена на Аллах. Го молиме Аллах нам и нему да ни подари упатство и успех и да ни овозможи да ѝ дадеме предност на вистината над сѐ друго. Навистина, Тој е најдобриот Кого може да се моли.

Слично на тоа е она што го прават некои луѓе – свртувањето кон чесниот гроб од далечина и движењето на усните со селам или дова. Сето тоа спаѓа во истата категорија на новововедени работи. Не му прилега на муслиманот да воведува во својата вера нешто за што Аллах не дал дозвола. Со ваквите постапки, човекот е поблиску до грубост и отуѓеност, отколку до љубов, почит и исправна приврзаност. Имамот Малик, рахимехуллах, остро ги осудил ваквите и слични постапки и рекол: „Нема да биде исправен последниот дел од овој умет, освен со она кое на прав пат го упатило неговиот прв дел.“[1]

Познато е дека она што ја исправило состојбата на првите генерации на овој умет било следењето на патот на Пратеникот ﷺ, на неговите праведни халифи, на неговите асхаби со кои Аллах е задоволен и на оние што ги следеле по нив во добрина. Исто така,

[1] Игасет ел Лехфан фи Месаид еш Шејтан (1/363).

последните генерации на овој умет нема да ја подобрат својата состојба освен со цврсто придржување кон тој пат и со одење по него.

Го молиме Аллах да ги упати муслиманите кон она што претставува нивен спас, среќа и слава на овој и на идниот свет. Навистина, Тој е Дарежлив и Благороден.

## Напомена

## Пропис за посетата на гробот на Божјиот пратеник ﷺ

Посетата на гробот на Божјиот пратеник ﷺ не е обврска ниту услов за аџилакот, како што мислат некои од обичниот народ и ним сличните. Напротив, таа е препорачана за оној што ја посетил џамијата на Божјиот пратеник ﷺ или бил во нејзина близина.

Оној што е далеку од Медина не треба да патува со намера да го посети гробот, туку му е пропишано да патува со намера да ја посети Чесната џамија на Божјиот пратеник ﷺ. Кога ќе пристигне таму, го посетува неговиот гроб и гробовите на двајцата асхаби. На тој начин, посетата на неговиот гроб  и на гробовите на неговите двајца асхаби доаѓа како составен дел од посетата на неговата џамија. Ова се темели на она што е веродостојно пренесено во двата „Сахиха“, дека Пратеникот ﷺ рекол:

«لَا تُشَدُّ الرِّحَالُ إِلَّا إِلَى ثَلَاثَةِ مَسَاجِدَ: المَسْجِدِ الحَرَامِ، وَمَسْجِدِي هَذَا، وَالمَسْجِدِ الأَقْصَى».

„Немојте, со намера за ибадет, да тргнувате на патување освен кон трите џамии: Месџидул Харам, мојата џамија и Месџидул Акса.“[1]

Доколку патувањето со намера за посета на неговиот гроб, или на гробот на некој друг, било пропишано, тој ќе го упатеше уметот кон тоа и ќе ја разјаснеше неговата вредност, бидејќи тој ﷺ е најискрениот советник на луѓето, најдобро Го познава Аллах и најмногу се плаши од Него. Тој ја пренесе јасната порака, го упати својот умет кон секое добро и го предупреди од секое зло. Па како тогаш, кога тој јасно предупредил да не се патува намерно освен кон трите џамии и рекол:

«لَا تَتَّخِذُوا قَبْرِي عِيدًا، وَلَا بُيُوتَكُمْ قُبُورًا، وَصَلُّوا عَلَيَّ، فَإِنَّ صَلَاتَكُمْ تَبْلُغُنِي حَيْثُ كُنْتُمْ»

„Не правете од мојот гроб светилиште, ниту од вашите домови гробници. Испраќајте салавати до мене, бидејќи вашите салавати ќе ми се доставaт каде и да сте.“[2]

Тврдењето дека е пропишано да се патува со намера да се посети гробот на Пратеникот ﷺ неминовно води кон негово претворање во светилиште и кон запаѓање во она од што

---

[1] Го бележат Бухари, бр. 1189, и Муслим, бр. 1397.
[2] Претходно наведено.

самиот Пратеник ﷺ стравувал – а тоа се претерувањето и прекумерното возвеличување. Во тоа, за жал, веќе западнале многу луѓе, токму поради нивното убедување дека е шеријатски дозволено да се патува со намера исклучиво за посета на неговиот гроб.

Што се однесува до хадисите што се пренесуваат во оваа област и со кои некои се обидуваат да ја оправдаат легитимноста на намерното патување до неговиот гроб ﷺ, тие хадиси се слаби, а дел од нив дури и измислени. На нивната слабост јасно укажале големите хадиски авторитети, како што се Дарекутни, Бејхеки, хафизот Ибн Хаџер и други. Затоа, не е дозволено со вакви хадиси да им се спротивставува на автентичните хадиси кои јасно укажуваат на забраната за намерно патување кон други места освен кон трите џамии.

Оттука, поочитуван читателу, ќе наведеме неколку измислени хадиси што се поврзуваат со ова прашање, со цел да ги препознаеш и да се заштитиш од тоа да бидеш доведен во заблуда од нив.

1. „Кој ќе изврши аџилак, а не ме посетил – ме запоставил.“

2. „Кој ќе ме посети по мојата смрт, како да ме посетил за време на мојот живот.“

3. „Кој ќе ме посети, и ќе го посети мојот татко Ибрахим истата година – му гарантирам Џенет кај Аллах.“

4. „Кој ќе го посети мојот гроб, ќе му биде загарантирано моето застапништво.“

Овие хадиси, како и сличните на нив, воопшто не се потврдени од Веровесникот ﷺ.

Хафизот Ибн Хаџер, во делото „Телхис“, откако ги спомнал повеќето преданија поврзани со оваа тема, изјавил: „Сите синџири на пренесување на овој хадис се слаби.“

Хафизот Акили рекол:

„Нема ништо автентично во оваа област.“

Шејхул-ислам Ибн Тејмије, рахимехуллах, категорично потврдил дека сите овие хадиси се измислени. А неговото знаење, силната меморија и широчината на неговите научни познавања се доволна потврда за тоа.

Доколку нешто од овие преданија навистина било автентично, тогаш асхабите, Аллах нека е задоволен со нив, ќе беа првите што ќе постапуваа според тоа, ќе му го појаснеа тоа на уметот и ќе повикуваа кон таква практика. Тие се најдобрите луѓе по веровесниците, најупатени во Аллаховите прописи и во она што им пропишал на Неговите робови, и најискрени советници на Аллах и на Неговите созданија. Бидејќи ништо од тоа не е пренесено од нив,

јасно се заклучува дека таквата практика не е пропишана.

Па дури и ако, хипотетички, нешто од тие преданија би било веродостојно, тогаш тоа нужно би се толкувало како пропишана посета која не подразбира намерно патување со единствена цел – посетата на гробот, со цел да се усогласат сите релевантни хадиси. А Аллах најдобро знае.

## Поглавје:
## За препорачливоста на посетата на џамијата Куба и на гробиштата Ел-Бекија

Препорачливо е посетителот на Медина да ја посети џамијата Куба и да клања во неа. На тоа укажува хадисот што се бележи во двата Сахиха од Ибн Омер, радијаллаху анхума, кој рекол:

«كَانَ النَّبِيُّ ﷺ يَزُورُ مَسْجِدَ قُبَاءٍ رَاكِبًا وَمَاشِيًا وَيُصَلِّي فِيهِ رَكْعَتَيْنِ».

„Пратеникот ﷺ ја посетувал џамијата Куба, понекогаш пеш, а понекогаш јавајќи, и во неа клањал два реката.“[1]

Сехл бин Хунејф, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот Пратеник ﷺ рекол:

«مَنْ تَطَهَّرَ فِي بَيْتِهِ ثُمَّ أَتَى مَسْجِدَ قُبَاءٍ فَصَلَّى فِيهِ صَلَاةً كَانَ لَهُ كَأَجْرِ عُمْرَةٍ».

[1] Го бележат Бухари, бр. 1193, и Муслим, бр. 1399.

„Кој ќе се очисти во својот дом, па потоа ќе дојде во џамијата Куба и ќе клања во неа намаз, ќе има награда како за умра.“[1]

Исто така, сунет е да се посетат гробиштата Ел-Бекија, гробовите на шехидите и гробот на Хамза, радијаллаху анху, бидејќи Пратеникот ﷺ ги посетувал и упатувал дова за нив. На тоа укажуваат и неговите ﷺ зборови:

«زُورُوا القُبُورَ فَإِنَّهَا تُذَكِّرُكُمْ بِالآخِرَةِ».

„Посетувајте ги гробиштата, бидејќи тие ве потсетуваат на Ахиретот.“[2] (Го бележи имамот Муслим)

Пратеникот ﷺ ги поучувал своите асхаби, кога ќе ги посетуваат гробиштата, да ги изговараат следните зборови:

«السَّلَامُ عَلَيْكُمْ أَهْلَ الدِّيَارِ مِنَ المُؤْمِنِينَ وَالمُسْلِمِينَ، وَإِنَّا إِنْ شَاءَ اللهُ بِكُمْ لَاحِقُونَ، نَسْأَلُ اللهَ لَنَا وَلَكُمُ العَافِيَةَ».

„Ес-селаму алејкум, жители на овие домови, верници и муслимани. И ние, со Аллахова волја, ќе ви се придружиме. Го молиме Аллах за наше и ваше спасение.“[3] Хадисот го бележи Муслим од Сулејман ибн Бурејде, од неговиот татко.

Тирмизи бележи од Ибн Абас, радијаллаху анхума, дека Аллаховиот пратеник ﷺ поминал

---

[1] Го бележи Ибн Маџе, бр. 1412.
[2] Го бележи Муслим, бр. 976.
[3] Го бележи Муслим, бр. 975.

покрај мединските гробишта, па се свртел кон нив и рекол:

«السَّلَامُ عَلَيْكُمْ يَا أَهْلَ الْقُبُورِ، يَغْفِرُ اللهُ لَنَا وَلَكُمْ، أَنْتُمْ سَلَفُنَا وَنَحْنُ بِالأَثَرِ».

„Ес-селаму алејкум, о жители на гробовите. Аллах нека ни прости нам и вам. Вие сте наши претходници, а ние сме по вас.“[1]

Од овие хадиси јасно се согледува дека целта на шеријатски дозволената посета на гробиштата е потсетувањето на Ахиретот, покажувањето добрина кон починатите, како и упатувањето дова за нив и барањето Аллахова милост за нив.

Што се однесува до посетата со намера да се упатува дова покрај гробовите, да се престојува и задржува кај нив, да се бара од починатите исполнување на потреби, излекување на болни, или пак да се бара од Аллах преку нив или преку нивниот углед и положба, и слично – сето тоа претставува осудена, новововедена (бидат) посета, која не ја пропишал ниту Аллах, ниту Неговиот Пратеник ﷺ, ниту пак ја практикувале праведните претходници, Аллах нека е задоволен со нив. Напротив, тоа спаѓа во недолично и забрането однесување кое Пратеникот ﷺ го осудил, кога рекол:

«زُورُوا الْقُبُورَ، وَلَا تَقُولُوا هُجْرًا».

---

[1] Го бележи Тирмизи, бр. 1035.

„Посетувајте ги гробиштата, но не зборувајте недолични зборови.“[1]

Овие спомнати постапки се заеднички по тоа што сите претставуваат новотарија, но меѓусебно се разликуваат според степенот. Некои од нив се новотарија, но не достигнуваат до степен на ширк – како што е упатувањето дова кон Аллах покрај гробовите или барањето од Него преку „правото“ или „угледот“ на починатиот и слично. Други, пак, претставуваат голем ширк, како што е упатувањето дова на мртвите, барањето помош од нив и слични постапки.

Ова веќе беше детално појаснето во претходните делови. Затоа, биди внимателен и претпазлив, и моли Го својот Господар да те упати кон вистината и да ти подари успех. Навистина, Тој – Возвишениот – е Оној што упатува и дава успех. Нема друг бог освен Него и нема друг Господар освен Него.

Ова е последното што сакавме да го изложиме. Благодарноста Му припаѓа на Аллах – на почетокот и на крајот. Нека се Аллаховиот благослов и мир врз Неговиот роб и Пратеник, најодбраниот од Неговите созданија – Мухамед, врз неговото семејство, неговите асхаби и врз

[1] Го бележи Муслим, од Ибн Бурејде, а тој од неговиот татко, бр. 977.

сите оние што ги следат во добрина до Судниот ден.

# Содржина

Прецизно истражување и појаснување на многубројни прашања поврзани со аџилакот, умрата и посетата на светите места, во светлина на Куранот и Сунетот ............ 3
Прецизно истражување и појаснување на многубројни прашања поврзани со аџилакот, умрата и посетата на светите места, во светлото на Куранот и Сунетот ............ 3
Предговор на авторот: ............ 3
Поглавје ............ 6
Доказите за задолжителноста на аџилакот и умрата и дека треба да се побрза со нивното извршување ............ 6
Поглавје: ............ 10
За задолжителноста на тевбето (покајанието) од гревовите и исправање на неправдите ............ 10
Поглавје: ............ 17
Што прави аџијата кога ќе пристигне на микатот ............ 17
Поглавје: ............ 24
Просторните микати и нивното одредување ............ 24
Поглавје: ............ 30
Пропис за оној што ќе стигне на микатот надвор од месеците за аџилак ............ 30
Поглавје: ............ 34
Прописот за аџилакот на малолетникот: Дали тој го заменува задолжителниот аџилак? ............ 34
Поглавје: ............ 38
Појаснување на забранетите работи за време на ихрам и дозволените работи за мухримот ............ 38
Поглавје: ............ 46

Постапките на аџијата при влегувањето во Мека и појаснување за тавафот и начинот на неговото извршување по влегувањето во Месџидул Харам............ 46
Поглавје: ........................................................................................ 56
Пропис за влегувањето во ихрам за аџилак на осмиот ден од месецот зул-хиџе и упатувањето кон Мина. ................. 56
Поглавје: ........................................................................................ 80
Појаснување за најдобриот редослед на обредите што ги извршува аџијата на Денот на Курбанскиот бајрам ........ 80
Поглавје: ........................................................................................ 88
За обврската за жртвување курбан на оној што извршува теметту и киран ........................................................................ 88
Поглавје: ........................................................................................ 91
Обврската за повикување кон доброто кај аџиите и другите .............................................................................................. 91
Поглавје: ...................................................................................... 101
За препорачливоста да се подготвиме со дела на покорност...................................................................................... 101
Поглавје: ...................................................................................... 103
Прописите и етикетите на посетата .................................... 103
Напомена.................................................................................... 120
Пропис за посетата на гробот на Божјиот пратеник ﷺ 120
Поглавје: ...................................................................................... 124
За препорачливоста на посетата на џамијата Куба и на гробиштата Ел-Бекија .......................................................... 124

mk396v3.1 - 04/09/2026